**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

# ООУ„Браќа Миладиновци“- Пробиштип

(се пишува името на основното училиште, место и општина)

**за период од 2023 до 2025 година**




Датум:
Јануари 2026

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Браќа Миладиновци“-Пробиштип |
| Адреса | Ул.„Гоце Делчев“ бр. 2 Пробиштип |
| Телефон, е-пошта | 032/483-085, 032/482-515, 071/348-668 |
| Период на подготовка на СЕУ | 2025/26 год. |
| Број на ученици во училиштето | 564 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Дејан Арсовски |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Моника Ступиќ |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| Планирања на наставниците<br><br>1.1 Наставен процес<br><br>1.2 Искуства на учениците од учењето<br><br>1.3 Оценувањето како дел од наставата<br><br>1.4 Воннаставни активности и натпревари |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Наставни планови и програми донесени од МОН<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• извештаи од стручни соработници за следени планирања.<br>• планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>• записници од состаноци на стручни активи;<br>• Извештаи од увид врз ПЕиД<br>• Електронски дневник<br>• Инструмент за посета на час<br>• Евидентен лист за разговор со наставници<br>• Програма од ментор<br>• Извештај од ментор<br>• Мислења за приправник<br>• Прашалник за | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците** | Училиштето во целост ги реализира Наставните планови и програми одобрени од МОН. Сите наставници навремено изготвуваат Годишни планирања како за задолжителните предмети, така и за изборните предмети, за додатната и дополнителната настава; Изготвените планирања се доставуваат до стручната служба. Во училиштето постои систем за следење на планирањето на наставата, како и инструменти за посета на час од страна на стручната служба и директорот. На почетокот на учебната година, директорот, педагогот и психологот извршуваат увид во глобалните и тематските планирања по наставните предмети и тематските планирања на наставниците. Поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба и меѓу наставниците, организирани интерни обуки и дисеминации или пак како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат.<br>За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати годишно, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација и поддршка за подобрување на истите. Од спроведената анкета со наставниот кадар 72,2% од наставниците одговориле со „целосно се согласувам“ за добивање поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирањата за својот наставен предмет/предмети, а 22,2% од анкетираните наставници одговориле со „се согласувам“, само 1 наставник или 5,6% одговориле со „не се согласувам“.<br>Исто така, се прави и увид во дневните подготовки на наставниците во текот на учебната година при посета на часови. Директорот, педагогот и психологот најмалку два пати во учебната година ја следат реализација на наставните часови. Континуирано се следи и работата во е-дневниците на сите одделенија од страна на педагогот, психологот и директорот на училиштето.<br>На прашањето дали директорот и стручната служба ги следат планирањата |

| | | |
|---|---|---|
| наставници | | најмалку двапати во полугодието, сите анкетирани наставници, односно 100% одговорија со „се согласувам“. |
| | **Размена на искуства и на информации при планирањето** | Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на Наставните планови и програми, како и за реализација на вонnаставните активности. Годишната програма се разгледува од страна на наставничкиот совет, а училишниот одбор ја предлага за усвојување до Советот на Општината. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена.<br>Наставниците при планирањето разменуваат информации и искуства во рамки на стручните активи. Наставниците си помагаат со информации од реализираното планирање од претходната учебна година за планирање за следната учебна година.<br>Наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации во стручните активи, каде разменуваат искуства, како за годишните планирања, така и за оперативните планирања на часовите. Од анализата на записниците на стручните активи констатирано е дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети.<br>Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби и на состаноците на Советот на родителите, додека пак учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година.<br>Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на следење на планирањата најмалку два пати во полугодието се добија следните податоци: најголемиот број наставници се согласуваат со ова тврдење дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања додека сосема мал број од нив не се согласуваат или пак немаат информација за ова тврдење. Од вкупно анкетирани 55 наставник,74% целосно се согласиле со тврдењето,23% се согласиле, 4% не се согласуваат или немаат информација.<br>Размената на искуства и информации при планирањата се врши преку стручните активи при соработка за реализација на Наставните програми, соработка со стручната служба и дискусија на Наставнички совети.<br>По однос на тврдењето: Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието, анкетирани се вкупно 55 наставници: 61,5% од наставниците целосно се согласуваат, 36,5 % се согласуваат по ова тврдење, 2% не се согласуваат со тврдењето. |

| Индикатор 1.2 Наставен процес | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Наставни планови и програми одобрени од МОН<br>-Концепција за основно образование<br>-Концепција за инклузивно образоване<br>-Водич за слободни изборни предмети<br>-Водич за работа на Училиштен инклузивен тим<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Годишни глобални и тематски планирања<br>- Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Записници од родителски средби<br>- Записници од Наставнички совети на училиштето<br>- Записници од стручни активи<br>- Дневници на паралелките<br>- Брошури за родители<br>- Електронски дневник<br>- Документација за избор на СИП.<br>- Планирања за дополнителна и додатна | **Реализација на Наставни планови и програми** | Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Наставата целосно се организира и реализира согласно Наставниот план за основното образование (деветгодишното образование).<br>Врз основа на Наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за додатна, дополнителна и слободните ученички активности.<br>Наставата се планира и реализира согласно потребите и можностите на учениците. Тоа подразбира дека наставникот умее да ги идентификува предзнаењата и способностите на учениците и согласно тоа да планира индивидуализиран пристап и диференцирана настава. Наставници за учениците со ПОП изработуваат ИОП и модифицирана програма и за овие ученици се реализира настава по овие програми, прилагодувајќи ја наставата според нивните способности и за време на наставата за овие ученици има обезбедено и образовни асистенти кои помагаат за полесно совладување и усвојување на истата.<br>За време на наставните часови се создаваат еднакви можности за учество за сите ученици, а со интеракција наставник/ученик и примена на современи методи и техники се постигнуваат поставените цели на часот. Сите наставници реализираат додатна и дополнителна настава за која е изработен и истакнат распоред.<br>Во училиштето се реализира настава - проширена програма со продолжен престој, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Проширена програма се реализира со учениците од прво до петто одделение, а опфаќа прифаќање на учениците, едукативни активности, дружење, дополнителни активности.<br>Направена е анкета на родители и ученици. Анкетирани се 112 родители и 122 ученика.<br>На п**рашањето**: Дали во текот на годината моето дете ги има сите наставни часови според распоред?<br>Ги добивме следниве резултати: Целосно се согласуваат 63%, се согласуваат 36%, не се согласуваат 0,8%, не се согласуваат.<br>На прашањето: Дали на часовите имам можност да учам на различни начини |

| | | |
|---|---|---|
| настава<br>-Образовен индивидуален план/ Модифицирана програма за ученик<br>- Портфолија на наставници<br>- Педагошки картони и професионални досиеја од наставниците<br>-Наставни нагледни средства,<br>-Изработки од ученици изложени во училниците<br>-Инструмент за посета на час<br>-Фотографии<br>-Сертификати<br>-Решение за формирање училишен инклузивен тим<br>-Решенија за формирање инклузивен тим за ученик<br>-записници од работата на инклузивните тимови<br>Распоред на часови;<br>-Записници од состаноци на стручни активи;<br>- Веб страна на Училиштето<br>-ФБ страна на | | (на пр. Преку проекти, преку игра, преку истражување).Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 52,6%, се согласувам 42,2%, не се согласувам 1,7%, **целосно не се согласувам.....** |
| | **Избор на наставни предмети** | Во зависност од интересите, учениците изучуваат изборни предмети во одредено одделение. Постапката за избор на изборните предмети во училиштето се изведува согласно процедурата за изборни предмети и во согласност со Наставниот план за деветгодишно основно образование на учениците се понудуваат за избор одредени предмети. Учениците по старата концепција избраа по еден предмет кој го немаат изучувано во претходните учебни години и тој влегува како задолжителен предмет во распоредот на ученикот и се изучува цела учебна година.<br>Постапката за избор на изборните предмети се изведува согласно следнава процедура:<br>- изготвување на анкетни листови за ученици и родители со понудени најмалку три изборни предмети, соодветни за одделението;<br>- презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред родителите на родителските средби;<br>- презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред учениците;<br>- обработка на податоците од спроведената анкета на ниво на паралелка;<br>- изготвување на извештај на ниво на училиште од страна на стручните соработници и негово презентирање на Наставнички совет;<br>- формирање на групи од најмалку 15 ученици од едно или повеќе одделенија за следење на настава;<br>- информирање на родителите и учениците за изборните предмети кои ќе бидат застапени ;<br>- изборот на наставници кои ќе изведуваат настава по изборните предмети се прави во согласност со нормативите за наставен кадар дадени во наставните програми од МОН и БРО;<br>Според Новата концепција за основно образование учениците исто така имаа можност да изберат два предмета од понудените четири категории слободни изборни предмети.<br>• Изборни предмети за проширување /продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети;<br>• Изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети; |

| | | |
|---|---|---|
| Училиштето<br>- Прашалник за наставници<br>- прашалник за ученици<br>-прашалник за родители | | • Изборни предмети за поддршка на личниот и социјален развој на учениците;<br>• Изборни предмети од спортско- рекреативен карактер.<br>Избраните предмети за тековната година мора да припаѓаат на различни категории, исто така во ист образовен период ученикот не може два пати да избере ист предмет. Избраните предмети ќе бидат изучувани секој по едно полугодие и ќе бидат редовни предмети.<br>Од страна на училиштето се подели анкетен лист (прашалник) за заинтересираноста на учениците за подрачјата од секоја категорија. Врз основа на добиените резултати, пројавениот интерес од страна на наставниците беше формирана листа на слободни изборни предмети по образовни периоди, а првата недела од септември секој ученик избира два предмета од различни категории кои ќе ги изучува како слободен изборен предмет, секој по едно полугодие. Во првиот образовен период (I-III одд.) слободниот изборен предмет се реализира во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците.<br>Во шесто одделение учениците имаат можност да избираат втор странски јазик кој се изучува како задолжителен до деветто одделение.<br>Направена е анкета на родители и ученици.Анкетирани се 122 родители и 116 ученика.<br>На **прашањето**: Дали сум запознаен со листа на изборни предмети?<br>Родителите се изјасниле на следен начин: целосно се согласуваат 57,4%, се согласуваат 37,7%, не се согласуваат 3,3% ,целосно не се согласуваат 1,6%.<br>На прашањето: Дали изборни предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите инттереси?<br>Се изјасниле на следниов начин: целосно се согласувам 41,8%, се согласувам 42,6%, не се согласувам 9,8%, целосно не се согласувам 4,9% и немам информација 0,8%.<br>На прашањето: Дали сам/а ги имам избрано слободините изборни активности и предмети во кои учествувам?<br>Учениците одговориле на следниов начин: целосно се согласувам 41,4%, се согласувам 37,1%, не се согласувам 12,1%, целосно не се согласувам 6,9% и немам информација 2,6%. |
| | **Избор на задачи, активности и на ресурси** | При изборот на задачи, активности и ресурси наставникот има слобода на избор тоа да го направи од учебниците, постоечкиот нагледен материјал во училиштето, интернет, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и |

| | |
|---|---|
| | прирачна литература, а насоки за користење на интернет, наставниците даваат и на учениците. Ресурсите со кои располага училиштето се употребуваат на функционален начин. За непречено одвивање на часовите, на наставниците им се достапни и различни нагледни средства кои ја приближуваат наставата до учениците, манипулативни материјали кои го олеснуваат учењето и потрошен материјал со кој се овозможува реализација на наставата. Разновидноста на нагледните средства и наставните помагала што се применуваат во наставниот процес служат да ја зголемат активноста и мотивацијата на учениците, да им го задржат фокусот на наставата и да придонесат за развој на функционалните способности кај учениците. Исто така, наставниците многу често прават пригодни нагледни средства, што ги изработуваат самите, или во соработка со учениците/родителите.<br>Нашето училиште располага со доволно нагледност по сите предмети, телевизори во секоја училница, а и секоја година се прават напори преку апликација во проекти или обезбедување на донација нагледноста да се збогатува и надградува.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности, прилагодено со потребите на учениците индивидуалните способности, можности и потреби на секој ученик, како и нивната возраст, предзнаења и стилови на учење се' со цел постигнување на предвидените цели на наставата и да се придонесе за развивање на критичко мислење кај учениците и логичко заклучување, како и стекнување на знаења применливи во секојдневниот живот.<br>Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови по информатичко- комуникациска технологија, Еко – содржини, антикорупција, МИО.<br>Според спроведената анкета, 62,3% од наставниците и 44% од учениците одговориле со „целосно се согласувам“ дека во наставата се користат различни ресурси за учење и настава, со „се согласувам“ одговориле 35,8% од анкетираните наставници и 39,7% од учениците. Со „не се согласувам“ одговориле 1,9% од наставниците и 10,3% кај учениците, со „целосно не се согласувам“ одговориле 2,6% од учениците, и со „не знам“, или „немам информација“ одговориле 3,4% од анкетираните ученици. |
| **Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно** | Преку примена на современи методи и техники за интеракција, учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.<br>Наставниците во нашето училиште остваруваат пријателски однос со учениците и се однесуваат кон нив со почит и грижливост. Наставниците го поттикнуваат |

| | |
|---|---|
| | социјалниот развој на учениците помагајќи им да стапат во меѓусебна интеракција и преку заемно разбирање, поддршка и развивање на чувство на припадност во заедницата да ги достигнат развојните и воспитно-образовните цели.<br>Во наставниот процес се негуваат демократските вредности, така што секој ученик е поттикнат да го изрази своето мислење на начин соодветен за неговата возраст и да учествува во донесувањето одлуки. Со тоа се создава позитивна и мотивирачка атмосфера во училницата во согласност со емотивните, социјалните, физичките и когнитивните потреби и способности на ученикот.<br>Според добиените резултати од анкетата, постои интеракција на најголем број од часовите, сите ученици се активно вклучени во наставата (поставуваат, прашања, дискутираат, работат во групи) Со „целосно се согласувам" одговориле 39,6% од наставниците и 41,4% од учениците. Со „се согласувам" одговориле 58,5% од наставниците и 36,2% од учениците, додека со „не се согласувам" 1,9% од наставниците и 19,8% од учениците. Со „целосно не се согласувам„ одговориле 1,7%, од учениците и со „не знам", или „немам информација" одговориле 0,9% од анкетираните ученици.<br>За остварување на успешна итеракција во наставниот процес, наставниците користат разни форми, методи и средства преку кои се подобрува меѓусебната комуникација и социјализација и каде се почитува мислењето на секој поединец. Често, усвојувањето на нови знаења и содржини се остварува преку реализирање на пректи, игри, истражувања, преку кои наставникот ја поттикнува иницијативноста, самостојноста и потребата за лидерство на учениците. Сите ученици се активно вклучени во наставата преку дискусија, поставување прашања, групни активности. Наставниците во таа непосредна интеракција со учениците, ја препознаваат нивната способност и знаења и ги мотивираат и поддржуваат за учество на разни натпревари и проекти.<br>Низ увидот во планирањата од наставниците и при посета на нивните часови, може да се забележи дека речиси сите наставници планираат и применуваат современи методи и техники за интеракција, и тоа: дискусии, презентации, истражувања, набљудувања, демонстрација, практични вежби, дебати, како и техниките: бура на идеи, грозд, венов дијаграм, ѕвезда на приказната, коцката е фрлена, т-табела и др.<br>Исто така во анкета на **прашањето** „Редовна пофалба на учениците" како мотивација за напредокот и поголеми резултати се изјасниле: наставници, ученици и родители. |

| | |
|---|---|
| | Резултати од анкетата покажуваат дека:<br>- наставниците се изјасниле 81,1% „целосно се согласувам“, 18,9% „се согласувам“<br>-учениците 56% „целосно се согласувам“, 31,9 „се согласувам“, 1,7% „не се согласувам“, исто толку и „целосно не се согласувам“ и 3,4% „немам информација“<br>- родители 47,5% целосно се согласуваат, исто толку се согласуваат, 0,8% не се согласуваат и 4,1 целосно не се согласуваат дека нивните деца се пофалени од наставниците за постигнати резултати. |
| **Реализација на образовна инклузија** | Индивидуализацијата е еден од основните принципи во организирањето на воспитно-образовната работа кој овозможува почитување на индивидуалитетот на секој ученик, а принципот на диференцијација му овозможува на наставникот содржините и активностите да ги изведува на неколку различни нивоа во согласност со развојните можности на секој ученик. Наставниците практикуваат различни наставни стратегии за да можат да излезат во пресрет на различните потреби на учениците. Ги почитуваат разликите во одделението и одговараат на секоја потреба и потенцијал на секое дете. Ја поттикнуваат позитивната самодоверба, ги препознаваат индивидуалните разлики, ги охрабруваат и поттикнуваат. На **прашањето** Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците, 58,5 % од наставниците одговориле „целосно се согласувам“, а 41,5 % со „се согласувам“. Додека родителите ги дале следниве одговори „целосно се согласувам“ 45,9%, „се согласувам“40.2%, „не се согласувам“ 9,8 %„ целосно не се согласувам“ 2,5 % и „немам информации“ 1,6%.<br>Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката. За овие ученици во нашето училиште до претходната учебна година (2024/25) работеше една паралелка за ученици со посебни образовни потреби со комбинирана настава за ученици од прво до деветто одделение со кои работеше дефектолог по посебни индивидуализирани наставни програми. Согласно Законот за основно образование, нашето училиште од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип. Во училиштето имаме инклузирани ученици кои следат настава и по ИОП и по Модифицирана програма. За дел од овие ученици преку ресурсниот центар ОУРЦ „ Маца Овчарова“ Велес се обезбедени образовни асистенти.<br>Од прашалникот за наставници во однос на соработката со образовните |

| | |
|---|---|
| | асистенти се добиени следниве резултати 47.1 % „целосно се согласувам“ дека успешно соработува со образовните асистенти, 45,1 % „се согласува“, 2% „не се согласува“ и 5,9 % одговориле со „не знам“.<br>Училиштето врз основа на Законот за основно образование формира училишен инклузивен тим со мандат од три учебни години.<br>Исто така, училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик посебно инклузиран во редовна настава. Овие тимови се со времетраење до завршување на школувањето на ученикот.<br>Со поддршка од инклузивниот тим, наставниците кои предаваат на УПОП изготвуваат индивидуален образовен план и модифицирана програма.<br>Од страна на училиштето исто така се настојува редовно за наставниците да се обезбедуваат обуки на оваа тема. |
| **Активности за меѓуетничка интеграција во образованието** | Во нашето училиште наставата се одвива на Македонски јазик и најмногубројни се Македонците, но исто така имаме ученици Роми. Тоа нè не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство, традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Во нашето училиште се реализираше Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, се она што го научивме и усвоивме од овој проект ќе продолжиме да го негуваме за да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности. На прашањето Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици кое го одговарале родителите се добиени следниве одговори 26,2 % „целосно се согласува“ ,27,9 % „се согласува“, 11,5% „не се согласува“ и 3,3 % „целосно не се согласувам“ и 31,1% одговориле со „немам информации“. Наставниците на прашањето Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план одговориле со 27,5% „целосно се согласувам“ , 70,6 % „се согласувам“ и 2% „немам информации“.<br>Учениците одговарајќи на прашањето Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) одговориле со „целосно се согласувам “21,6 %, „се согласувам“ 37,9%, 22,4 % „не се согласувам“, 6,2% „целосно не се согласувам“ и 11,2 % „немам информации“. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>-Разговор со стручна служба;<br>-Увид во евиденцијата на стручните соработници.<br>-Списоци за дополнителна настава.<br>-Списоци за додатна настава.<br>-Електронски дневник.<br>-Индивидуален образовен план.<br>-Распореди за дополнителна и додатна настава.<br>-Извештаи од секции и воннаставни активности | **Средина и атмосфера за учење** | ООУ " Браќа Миладиновци " - Пробиштип е модерно и современо училиште и располага со простор кој овозможува наставата да се изведува во една смена. Училишните простории ги задоволуваат потребите на училиштето за организирање и реализирање на квалитетна настава , а во грејната сезона е добро затоплено и хигиенски услови се добри. Учениците сметаат дека во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Во училишниот објект има убави училници опремени со современа опрема, реновирани санитарни јазли, кабинети, училишна библиотека, уреден училишен двор, инклузивна соба за УПОП. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден.<br>**На прашањето** Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати родителите одговориле 47,5% со „целосно се согласувам" , 47,5% со „се согласувам", 0,8 % со „не се согласувам" и 4,1 % „целосно не се согласувам". Додека учениците **на прашањето** Наставниците ме пофалуваат за мојот труд одговориле 56% „целосно се согласувам" 37,1% „се согласувам", „не се согласувам" 1,7% , 1,7 % одговориле со „целосно не се согласувам" и 3,4% со „не знам".<br>Со цел подобрување на условите во училиштето редовно се вложува во реновирање на училиштето според потребите на учениците и вработените.<br>Просторот во училиштето е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност за повредување на учениците. Сите потенцијално опасни места (електрични приклучоци, лизгави површини, струјни места, канализациски одводи и др.), се соодветно обележани и во ЦОУ и во подрачните училишта. Од прашалникот за родители на **прашањето**<br>Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете родителите одговориле со „целосно се согласувам" 50,8%, „се согласувам" 49,5 % и „не се согласувам" 3,3%.<br>Редовно се сервисираат и проверуваат ПП-апаратите во училиштето. На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал, а за заштита на учениците и вработените во училиштето има поставено камери за видео-надзор.<br>Училиштето исто така со низа превентивни работилници и активности има за цел учениците да ги подготви да бидат одговорни и да знаат самостојно да се грижат за себе. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Како учениците така и сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на просторот во училиштето, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Сите заедно допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации.<br>Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање на проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат и редовно ги пофалуваат за вложениот труд со што придонесуваат за поголема мотивираност.<br>На **прашањето** за родители Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели), родителите одговориле 36,1 % со „целосно се согласувам“, со „се согласувам“ 40,2%, со „не се согласувам“ 11, 5%, со„целосно не се согласувам“ 2,5 % и „немам информации“ 9,8 %.<br>Учениците на прашањето На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) одговориле 44% „целосно се согласувам“, 39,7% „се согласувам“ , „не се согласувам“ 10,3%, 2,6 % „целосно не се согласувам“ и 3,4% „немам информации“.<br>Наставниците на **прашањето** Во наставата користам различни ресурси за учење и настава одговориле 62,3% „целосно се согласувам“, 35,8 % „се согласувам“ и 1,9 „не се согласувам“.<br>Сите ученици учествуваат во активностите на часот во текот на неговата реализација. Наставниците и учениците во рамки на часот, создаваат атмосфера за успешна реализација на наставата и процесот на учење, како и за поттикнување на соработка и почитување на другите.<br>Од прашалникот за ученици на **прашањето** На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи).учениците одговориле, „целосно се согласувам“ 41,4 %, 36,2 % одговориле со „се согласувам“ , 19, 8 % „не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласувам“, 1,7% „целосно не се согласувам“ и 0,9 % „немам информација“. |
| | **Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците** | Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку активноста на час и постигнати резултати, интерес на одредени ученици за определени области.<br>Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби на учениците, а пречките во процесот на учење кај одредени ученици се идентификуваат систематски. Задоволувањето и негувањето на индивидуалните интереси и способности на сите ученици без оглед на половата и етничката припадност се врши преку нивно вклучување во воннаставните активности кои ја поттикнуваат и негуваат детската љубопитност, нивната креативност и сознајните способности.<br>Според спроведените анкети со наставниците, 39.6%, одговориле со „ целосно се согласувам“ дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, а со „се согласувам“ одговориле 58,5% од анкетираните наставници и 1,9% одговориле не се согласувам. Додека 52,6% од анкетираните ученици одговориле со „целосно се согласувам“ дека на часовите имаат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, игра, преку истражување и сл.), а со „се согласувам“ одговориле 42,2% од анкетираните ученици и 3,4% од анкетираните ученици одговориле со „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ одговориле 1,7 %.<br>Додатната настава е можност за проширување на знаењата на учениците кои покажуваат посебен интерес и пројавуваат изразити способности по одделни наставни предмети.<br>Со вклучувањето на учениците во ученичките натпревари се развива натпреварувачкиот дух и се постигнуваат подобри воспитно-образовни резултати.<br>За учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во совладувањето на содржините се организира дополнителна настава.<br>Преку Ученичкиот парламент, учениците планираат и преземаат активности кои ги изразуваат нивните желби и интереси, а секогаш имаат поддршка од наставниците и стручната служба.<br>Помошта што училиштето им ја дава на наставниците за еднаков третман на сите ученици се состои во советодавно-консултативна работа по однос на изборот и примената на ефикасни форми, методи, средства и постапки во наставната работа, учество во создавање на поволна социјална клима во паралелките и воспоставување демократски односи во колективот, учество во откривање на промените во однесувањето на учениците и вклучување во |

| | | |
|---|---|---|
| | | работата на заедницата. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>• Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>• Користени инструменти за оценување;<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Записници од стручните активи, наставнички совет;<br>• Анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/ старателите;<br>• Инструменти за индивидуализирани начини за проверка | **Училишна политика за оценување** | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Планирањата на секој од наставниците содржат и план за следење на постигнувањата на учениците и критериуми за оценување со кои се запознаени учениците и родителите.. Планирани се и писмени проверки на учениците.<br>Наставниот кадар во начинот на оценување ги преминуваше усното и писмено проверување, потоа разни видови на тестови и контролни задачи кои беа изготвени од страна на самите наставници Согласно Концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:<br>По предметите се води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Оценки на учениците за тромесечјата и полугодието наставниците ги внесуваа во евидентен лист за успехот на ученикот кој родителот го добива електронски преку е-дневникот. А на крајот од учебната година учениците добија свидетелство, како и додаток на свидетелство.<br>Учениците и родителите се запознати со стандардите и критериумите за оценување. Според спроведените анкети 53,4% од учениците и 39,3% од родителите одговориле со „целосно се согласувам“ дека учениците се запознаени со тоа што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, а со „се согласувам“ одговориле 53,4% од учениците и 41% од анкетираните родители . Додека од **прашалникот** за наставници на прашањето Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките 58,5% одговориле со „целосно се согласувам“, а 41,5 % со „се согласувам“. |
| | **Методи, форми и инструменти за оценување** | Наставниците користат разни методи за оценување на учениците и континуирано го следат и оценуваат нивниот напредок (формативно и сумативно оценување). Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања преку пишана и усна информација како и преку сумативни оценки. Со примена на формативното оценување, учениците имаат информација и насоки како да го |

| | | |
|---|---|---|
| | | подобрат својот напредок во учењето. Наставниците на **прашањето** Применувам различни начини на оценување на учениците дале следни одговори 47,2% „целосно се согласува“, 49,1% „се согласувам“ , „не се согласувам“ 1,9 % и „немам информации“ 1,9 %. Додека учениците на **прашањето** наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.) одговориле 74,1% „целосно се согласувам“ и 25,9 % „се согласувам“.<br>Наставниците ги користат следниве методи и инструменти за оценување и следење на напредокот на учениците: индивидуални разговори, тестови, социограми, евидентен лист, чек листи, самопроценка, проектна настава, набљудувања, истражувачка работа, усна дискусија, портфолија, писмени работи, сумативно и формативно оценување. За оценување на учениците со различни способности користат прашања и задачи со различни тежински нивоа. Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност<br>Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството. Ваквите средби најчесто вродуваат со плод, учениците се мотивираат и го подобруваат својот успех. |
| | **Коефициент на континуитет на успехот на учениците** | Коефициентот на континуитет на успехот на учениците е статистички показател кој го мери степенот на стабилност или конзистентност во постигнувањата на учениците низ одреден временски период. Овој коефициент помага во анализа на тоа колку е стабилен училишниот успех на учениците, што може да укаже на нивото на континуирано ангажирање, ефикасноста на наставните методи и приспособливоста на учениците кон различни наставни содржини и оценки. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квалификациони периоди, тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, ги презентираат на Наставнички совет. Податоци и извештаи се чуваат во училишната документација и за истите се запознаени Советот на родители, Училишниот одбор, во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Во истите табеларно, сукцесивно и прецизно се евидентирани постигањата на учениците во нашето училиште. **Средниот просек** на училиштето за крајот на учебната 2024/2025 година изнесува **4,24.** Овој просек се однесува на учениците од четврто до деветто одделение или вкупно 421 ученик, додека останатите 175 ученици од прво до трето одделение |

| | | |
|---|---|---|
| | | беа описно ценети. Средниот просек споредбено со минатите учебни години е речиси ист т.е. на крајот од претходната учебна година средниот просек изнесуваше 4,28, а во учебната 2022/2023 год. средниот просек беше 4,26. |
| | **Користење на информациите од оценувањето во наставата** | Информациите добиени од оценувањето играат голема улога во наставниот процес, овозможувајќи наставниците да ги приспособат своите методи и пристапи според потребите на учениците. Оценувањето не е само мерка за успех, туку и алатка за откривање на силните страни и предизвиците со кои се соочуваат учениците. Користејќи ги овие податоци, наставниците идентификуваат области каде што учениците имаат потреба од дополнителна поддршка или објаснување, адаптирајки ја наставата за да ги задоволат тие потреби. Ако оценувањето покаже дека голем број ученици имаат потешкотии со одредена тема, наставникот ќе воведе нови активности или организира дополнителна настава.<br>Од прашалниците се добиени следниве податоци. Наставниците на **прашањето** Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето одговориле 45,3% „целосно се согласувам“ и 54,7% се согласувам. Додека учениците на **прашањето** Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини одговориле 52,6% „целосно се согласувам“ и 37,1 % „се согласувам“, 6,9 % „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ 3,4 %.<br>Оваа информација исто така му помага на наставникот да ги идентификува надарените ученици и да им понуди предизвикувачки задачи кои ќе ги стимулираат да напредуваат понатаму. Покрај тоа, информациите од оценувањето им овозможуваат на наставниците да го следат индивидуалниот напредок на секој ученик со текот на времето. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| •Годишна програма за работа;<br>•Програми за воннаставни активности;<br>•Извештај од реализирани екскурзии;<br>•Педагошка евиденција и документација;<br>•Дипломи, признанија, пофалници од учество | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности** | Училиштето планира и реализира вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, а служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.<br>Вонаставните активности кои се реализираат во нашето училиште се планирани со Годишната програма за работа на училиштето (училишен спорт, слободни ученички активности, ученички натпревари, Општествено хуманитарна работа, Грижа на училиштето за здравјето на учениците, екскурзии, посети и излети, активности на заедницата на учениците во училиштето, како и дрруги облици на воннаставни активности).<br>Во нашето училиште се планираат и реализираат вонаставни активности прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците, кои |

| | | |
|---|---|---|
| на манифестации и натпревари;<br>•Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за вonнаставни активности;<br>•Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>•Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>•Увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.; | | подоцна влијаат врз развој на нивната личност и градење на поголема самодоверба и афирмација. Активностите се планираат и одржуваат во согласност со надареноста, способноста, потребите и желбите на учениците, подеднакво достапни за сите ученици без разлика на полот.<br>Во однос на различниот избор на воннаставни активности кои се реализираат во училиштето и учеството на учениците во истите се добиени следниве резултати од прашалникот. Од прашалниците за родители и ученици на **прашањето** Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) се добиени следниве одговори со „целосно се согласувам“ одговориле 28,7 % од родителите и 29,3 % од учениците, со „се согласувам“ 39,3 % од родителите и 42,2 % од учениците, со „не се согласувам“ одговориле 13,9 % родители и 15 ,5 % ученици, со „целосно не се согласувам“ одговориле 7,4 % од родителите и 5,2 % од ученици додека со одговорот „немам информации“ одговориле 10.7 % родители и 7,8 % ученици.<br>Во однос на екскурзиите и излетите, секоја година се реализираат по 2 излети и 3 екскурзии (III, VI и IX), според правилникот за излети и екскурзии. Во текот на учебната година ќе бидат организирани и други вонучилишни активности за учениците по одделенија.<br>За учениците од II- V одделение ќе се организира посета на Музички фестивал.<br>За учениците од IV одделение ќе се организира посета на театар.<br>За учениците од V одделение ќе се организира Настава во природа.<br>За учениците од VII одделение ќе се организира посета на Саем на книгата.<br>За учениците од VIII одделение ќе се организира посета на Парламентарен институт при Собрание на РС Македонија.<br>За сите вонаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат, како и списоци на ученици учесници. |
| | **Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности** | Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.<br>Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност од страна на училиштето се реализираат разновидни воннаставни активности за што поголем број на ученици да бидат опфатени според сопствените интереси. |
| | **Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности** | Преку вонаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности што се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област со што се зголемува нивното искуство и се подобрува нивната лична благосостојба.<br>Учениците имаат значајна улога во изборот и планирањето на вонаставните активности. Ученичкиот парламент е вклучен во изборот како и реализацијата |

| | |
|---|---|
| | на поголем број на воннаставни активности. Од страна на училиштето постојано се поттикнуваат учениците да бидат носители на воннаставните активности, сами да даваат иницијативи и предлози. Училиштето го подржува ученичкиот активизам.<br>Преку можност за учество на училишен натпревар, секој ученик добива шанса да учествува на општински, регионален и државен натпревар, според своите знаења и покажан успех.<br>Во активностите од Општествено хуманитарна работа и Грижа на училиштето за здравјето на учениците учествуваат подеднакво сите ученици.<br>Од прашалникот за наставници на прашањето Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците се добиени следниве резултати со „целосно се согласувам“ одговориле 22.6 % со „се согласувам одговориле 64,2%, не се согласувам одговориле 7,5 % и целосно не се согласувам“ 5.7 %. Од прашалникот за ученици на прашањето Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности се добиени резултатите: 27,6% одговориле со „целосно се согласувам“, со „се согласувам“ одговориле 49,4% , со „не се согласувам“ 19%, со „целосно не се согласувам“ 1,7% и„ немам информации“ 10,3%. |
| **Натпревари** | Како показател за успешно реализираната воспитно – образовна дејност во нашето училиште освен постигнатиот успех на учениците се и редовното учество на нашите ученици на натпреварите и постигнатите резултати. Секоја година имаме голем број на ученици кои учествуваат на натпревари и имаат постигнато (освоено награди) и на државните натпревари. Наши ученици учествуваа и на распишаните литературни и ликовни конкурси на кои имаат постигнато резултати.<br>Исто така преку училишниот спортски клуб учествуваме со екипи во сите натпреаври организирани од Сојуз на училишни спортови.<br>Во последниве две години наши ученици учествувале и освоиле награди на општински, регионални и државни натпревари по: математика, македонски јазик, англиски јазик, географија, биологија, природни науки, хемија, физика.<br>Сите постигнувања се промовираат по локалните медиуми и на училишната Веб и ФБ страна. Учениците кои имаат освоено државни награди се наградени и од страна на општината. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Сите наставници навремено изготвуваат Годишни планирања;

За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати годишно, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација и поддршка за подобрување на истите.

Наставниците користат стручни искуства од организирани интерни обуки и дисеминации или како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат. За збогатување на наставата во работата со учениците се користат различни методи и техники на учење кои му овозможуваат на наставникот да добие правилна слика за напредувањето на учениците во учењето и развојот, се поттикнува критичкото мислење кај учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети.Училиштето е отворено за родителите и за сите оние кои се заинтересирани за неговото работење.Училишната средина ги стимулира и мотивира подеднакво учениците од двата пола преку воннаставни активности, промовирање и изложување на ученички трудови, резултати од натпревари.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со Наставните планови и програми и во соодност со интересите на учениците. Во училиштето преку анкетни листови учениците навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Изборот го прават сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи нуди избор на повеќе предмети.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата. За учениците со ПОП се користат методи и техники избрани и прилагодени на нивните потреби.

- Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот.

-Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формираат со Решение/Одлука на директорот на училиштето, Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и Модифицирана програма по сите наставни предмети, нашето училиште работи и како центар за поддршка .

-Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Атмосферата во училниците и на наставните часови е пријатна и поттикнувачка. Учениците, без разлика на својот социјален статус, етничка припадност или нивниот пол се мотивирани со различни методски техники активно да учествуваат во наставата и во процесот на стекнување на знаења, самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

- Трудовите на учениците од нивните секојдневни наставни и воннаставни активности се изложени во самите училници интерно или екстерно на ниво на училиште – на училишните паноа од различни области. При изложувањето на трудовите на учениците се води особена грижа да бидат застапени двата пола и различните способности за учење.

-Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците редовно и транспарентно ги известуваат родителите за напредокот и успехот на учениците.

- Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно се известуваат родителите за постигања. Усогласените критериуми по секој наставен предмет наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите.

-Во нашето училиште се планираат и реализираат воннаставни активности прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците,. Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко, но од страна на родителите постојано се бара училиштето да овозможи поголем број на воннаставни активности, а училиштето континуирано ги поттикнува учениците да учествуваат во давањето на предлози за реализирање на поголем број на воннаставни активности.

-За учениците кои имаат потешкотии во совладување на Наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава

- Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на бројни натпревари и конкурси од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) .

**Силни страни**

- Училиштето има разработен систем на поддршка и увид врз планирањата на наставниците што одлично функционира;
- утручните активи функционираат како заедници на учење и наставниците тука разменуваат искуства за планирањата и/или заедно планираат на ниво на активи и/или сродни предмети;
- задачите и активностите на часовите наставниците ги приспособуваа на индивидуалните образовни потреби на учениците;
- учениците редовно се пофалувани за вложениот труд и постигнатите резултати;
- училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата, училишниот простор е безбеден за изведување на настава;
- родителите редовно се запознаени со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности кои ги посетуваат децата;
- учество на општински,регионални и државни натпревари и постигнување на голем број на награди.

**Слаби страни**

-Наставниците имаат потреба за следење на поголем број обуки за примена на современи методи и техники на планирање на настава;
- родителите имаат потреба за поголема информираност за критериумите на оценување на нивните деца;
- учениците мислат дека треба повеќе да бидат вклучени во изборот и планирање на воннаставните активности;
- училиштето да планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците;
-учениците мислат дека во училиштето треба да има повеќе активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште).

**Приоритети**

- Поголема вклученост на учениците во изборот и планирање на воннаставните активности.
- Планирање и реализирање на разновидни воннаставни активности во согласност со потребите и интересите на учениците.
- Вклученост на учениците во активности со ученици од други култури.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Е-дневник<br>• Записници од родителски средби<br>• Анализи и извештаи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и<br>• Интервју со стручни Соработници<br>• Извештаи за реализирани воннаставни активности<br>• Разговор со одговорните тестатори за ТИМСС;<br>• Записници од одделенски состаноци,<br>• Записници од Наставнички Совет<br>• Анкетни прашалници | **Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди** | Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следат преку анализи на постигнатиот успех по завршувањето на секој класификационен период:<br>По наставни предмети<br>По одделенија<br>По паралелки<br>По класификациони периоди.<br>Споредбено со минатата година по наставни предмети, одделенија и по **паралелки**...........................<br>Исто така за секој класификационен период се изготвува и табела со ученици со слаби оцени, според која се гледа кои ученици, по колку предмети и колку слаби оцени имаат.<br>Извештаите се чуваат во училишната документација и за истите се запознаени Советот на родители, Училишниот одбор, МОН во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Според добиените податоци од анализата се преземаат низа мерки за подобрување на постигањата.<br>**Средниот просек** на училиштето за крајот на учебната 2024/2025 година изнесува **4,24.** Овој просек се однесува на учениците од четврто до деветто одделение или вкупно 421 ученик, додека останатите 175 ученици од прво до трето одделение беа описно ценети. Средниот просек споредбено со минатите учебни години е речиси ист т.е. на крајот од претходната учебна година средниот просек изнесуваше 4,28, а во учебната 2022/2023 год. средниот просек беше 4,26. |
| | **Резултати од екстерни тестирања** | Во учебната 2023/24 год. нашето училиште беше дел од тестирање за V одд. на TIMSS меѓународната студија по математика и природни науки која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети. Во оваа студија се вклучени 60 држави низ светот. Така од нашето училиште вклучени во истражувањето беа одделенијата Va и VI одд. Истражувањето се реализираше електронски, а истовремено беа пополнувани прашалници од страна на родителите, наставниците, училиштето и учениците.<br>Истата учебна година 30 ученици од сите паралелки од петто одделение (избрани по случаен избор) беа дел од државното тестирање по мајчин јазик |

| | | |
|---|---|---|
| | | и математика. Ова тестирање се изведува со цел да се обезбедат информации за тоа колку учениците го совладале наставниот материјал, предвиден според Наставната програма, кои се областите во кои нашите ученици се соочуваат со потешкотии, како и други информации поврзани со позадинските фактори кои влијаат врз учењето, а ќе бидат добиени од прашалниците кои ги пополнуваа родителите. |
| | **Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост** | Училиштето има формирано тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми.<br>Учениците со потешкотии, поддршката ја добиваат согласно индивидуалните потреби. Во соработка со одделенските и класните раководители се врши идентификација на потребите на ученикот, а по потреба се вклучуваат и други институции и стручни лица се со цел надминување на тешкотиите и зголемување на функционалноста на учениците . Училишниот психолог работи индивидуално со овие ученици, особено со зајакнување на нивните лични и социјални капацитети.<br>Стручните соработници даваат препорака за организирање дополнителна настава за учениците. Организираат индивидуални средби, разговори, како да се олесни учењето, вештини за континуирано учење. Се вклучуваат со советување на учениците/родителите (согласно чл.76 од ЗОО), соработка и континуирана поддршка.<br>Од прашалникот за наставници на **прашањето** Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето и талентираните ученици наставниците се согласуваат дека успешно ги идентификуваат потребите на учениците.<br>Од прашалникот за родители поголемиот број на родители потврдуваат дека во училиштето се организира и реализира додатна и дополнителна настава за нивните деца.<br>Најголем број родители се задоволни од советите кои што ги добиваат од училиштето за подобрување на тешкотиите во учењето, но од страна на наставниците се наведува дека не сите родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивниот предмет/предмети. Родителите кои и по пратени 3 покани не се јавуваат на советување, најпрво се посетуваат, а потоа се пријавуваат во Центарот за социјални работи и ДПИ.<br>Исто така наставниците постојано работат на надминување на тешкотиите со индивидуален пристап во наставата, редовно одржување на часовите по дополнителна настава.<br>Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка од наставниците со вклучување во вонаставни активности, членување во |

| | | |
|---|---|---|
| | | слободните ученички активности(секции според афинитетите), учество во проекти и истражувања на конкретна тема, учество на натпревари и конкурси организирани во училиштето, општината, МОН.<br>Надарените и талентираните ученици поддршката ја добиваат секако и со индивидуален пристап на редовните часови, на планираните часови по додатна настава и со понатамошно упатување кон поголема стручност.<br>Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката.<br>Согласно Законот за основно образование, нашето училиште од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип. Паралелката за деца со посебни образовни потреби работеше до завршување на образованието на учениците кои се веќе запишани. Односно до крајот на учебната 2024/25 год.<br>Во учебната 2023/2024 година во нашето училиште се запишани седум ученици со посебни образовни потреби според скалата за проценка по МКФ, кои се инклузирани во редовна настава. Двајца ученици работеа по ИОП и двајца ученици по Модифицирана програма, двајца ученика според препораките од МКФ работеа со индивидуален пристап и поголема помош. Во паралеката за посебни потреби имаше еден ученик кој посетуваше настава во VIII одд.<br>Во учебната 2024/2025 година во нашето училиште се запишани седум ученици со посебни образовни потреби според скалата за проценка по МКФ, кои се инклузирани во редовна настава. За овие ученици (четири ученици по ИОП и тројца ученици по модифицирана програма). Во паралеката за посебни потреби оваа учебна година имаше еден ученик кој посетуваше настава во IX одд.<br>Секој наставник во соработка со останатите членови од тимот за инклузија изготвува посебни програми за работа со цел овие ученици да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности, додека со двајца ученика според препораките од МКФ ќе се работи со индивидуален пристап и поголема помош.<br>Во нашето училиште има дефектолог кој работи со ученици со посебни потреби со категоризација инклузирани во редовна настава или без категоризација кои имаат посериозни потешкотии во усвојувањето на наставните програми, но не работат по ИОП, но родителите се согласни училишниот дефектолог да работи со нив. Училиштето води евиденција за овие ученици.<br>Училиштето врз основа на Законот за основно образование формираше |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишен инклузивен тим со мандат од три учебни години.<br>Исто така, училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик посебно инклузиран во редовна настава. Овие тимови се со времетраење до завршување на школувањето на ученикот..<br>Согласно Законот за основно образование во соработка со Ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес за четири ученици инклузирани во редовна настава беа ангажирани образовни асистенти согласно препораките од Комисијата за проценка на функционирање според МКФ. |
| | **Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците** | Родителите се секојдневно во тек со постигнувањата на нивните деца преку е-дневникот.<br>Секој наставник има истакнато приемни денови така што родителите можат да стапат во директен контакт со секој наставник поединечно и да добијат детален извештај за успехот на нивните деца по секој предмет поединечно.<br>Редовно се одржуваат родителски средби на кои родителите се известени за успехот, постигањата и поведението на учениците.<br>Класните раководители и одделенските наставници се континуирано во контакт со родителите и ги известуваат за сите потребни информации.<br>Најголем број од родителите на прашањето Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) одговориле 61,5% со „целосно се согласувам“, 31,1 % одговориле со „ „се согласувам“, 4,9 % со „не се согласувам“ и 2,5 % „целосно не се согласувам“. Од прашалникот за ученици на прашањето Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. Учениците одговориле со 68,1% „целосно се согласувам“ и 28,4 % „се согласувам“, 0,9 % „не се согласувам“ и 2,6 % „немат информации“.<br>Наставниците на прашањето Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети одговориле 38,5 % „целосно се согласувам“, 55,8% „се согласувам“ , 1,9 % со „не се согласувам“ и 3,8 % „целосно не се согласувам“. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Е-дневник<br>• Записници од родителски средби<br>• Анализи и извештаи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и<br>• Интервју со стручни соработници<br>• Извештаи за реализирани воннаставни активности<br>• Разговор со одговорните тестатори за ТИМСС;<br>• Записници од одделенски состаноци,<br>• Записници од Наставнички Совет<br>• Анкетни прашалници | **Редовност во наставата** | Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Според извршените анализи одреден проблем постои кај одредени ученици од ромска националност, кои често отсуствуваат од настава. Сите изостаноци на учениците се евидентираат во Е-дневникот и досиејата на учениците.<br>Класните раководители се обраќаат кај родителот за секое ненајавено отстуство на учениците, доколку нема повратна информација од родителите се информира стручната служба и се праќа покана до родителите.<br>Вкупниот број на изостаноци на крајот од учебната година изнесува 18 529, од кои оправдани изостаноци 18 311 и неоправдани изостаноци 307. Од нив во одделенска настава има 8 251 изостаноци, од кои 6 251 оправдани изостаноци и 8 неоправдани изостаноци додека во предметна настава има вкупно 10 359, од кои 10 060 оправдани и 299 неоправдани изостаноци. Бројот на оправданите изостаноци во споредба со истиот период минатата учебна година е приближно ист, односно во учебната 2024/2025 година имаше 17 193 изостаноци, додека во учебната 2022/2023 година вкупно 16 621 оправдани изостаноци. Бројот на неоправданите изостаноци е намален, во изминатите учебни години изнесуваше 1 336 односно 1 412 неоправдани изостаноци. Најголениот дел од овие неоправдани изостаноци се однесуваа на учениците кои од почетокот на учебната година нередовно посетуваат настава. Поради ова нашето училиште соработуваше со Центарот за социјални работи и Државниот просветен инспекторат.<br>Од прашалникот за родители на **прашањето** Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете се добиени следниве одговори со „целосно се согласувам“ одговориле 62,3% и со „се согласувам“ 36,9% и со „не се согласувам“ 0,8 %. |
| | **Советување на родители/старатели и ученици** | Наставниците континуирано ја следат редовноста и успехот на учениците. По детектирање на одредена состојба во соработка со училишниот психолог се праќа покана за советување на родител/старател. На советување се покануваа родители/старатели и учениците кои имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци.Понатаму, доколку се детектира подолго оправдано отсуство, без посериозни причини, исто така превентивно се реализира советодавна средба со родителите и учениците, |

| | | |
|---|---|---|
| | | се со цел да се влијае на редовноста, како и едукативно да се пристапи за поврзаноста на редовноста со успехот во училиштето. При подолго отсуство, стручните соработници вршат посета на терен со цел едукативно да влијаат врз семејствата за важноста од редовноста во училиште. Овие посети краткотрајно вродуваат подобрување на редовноста, но по извесен период повторно се повторуваат. На советување се повикуваат и родителите на ученици кои имаат 3 или повеќе слаби оценки или кај ученици кај кои значително се намалил успехот (член 76 од ЗОО). Од праксата се воочува подобрување на успехот кај овие ученици. На советување се покануваат и родители/старатели на ученици кои манифестираат несоодветно однесување. |
| | **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава** | Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците користат методи и стратегии за подобрување на успехот на учениците, но и дополнување на пропуштените знаења во текот на учебната година.Тоа се надоместува во редовната настава низ индивидуалниот приод, но најмногу на часовите по дополнителната настава. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. Во училиштето се реализира дополнителна настава со учениците кои имаат недоволни оценки по предметите и тоа најмалку 4 часа во текот на месецот која ученикот треба да ја посетува со претходно известување за родителот. За подобрување на постигањата на учениците во наставата се организираат ученички натпревари, учениците земаат учество на различни конкурси. Се врши советување на ученици и родители кои послабо напредуваат, имаат негативни оценки, несоодветно се однесуваат во училиштето или изостануваат од настава. Се одржуваат работилници и предавања на тема стилови на родителство, техники на учење, мотивација, успешна комуникација и сл. Се изведува индивидуално и групно советување на учениците<br>Од прашалникот за ученици на прашањето Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех учениците одговориле со „целосно се согласувам“ 57,8% со„ се согласувам“ 35,3%, „не се согласувам “4,3% и „целосно се согласувам“ 2,6 %. Од прашалникот за родители на прашањето На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа е одговорено 44,3 % „целосно се согласувам“, 43,4% „се согласувам“ 3,3% „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам “со 4,1 % и 4,9 % „немам информации“. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следат преку анализи на постигнатиот успех по завршувањето на секој класификационен период. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди и презема активности за нивно подобрување.

Нашето училиште во учебната 2023/24 год. беше дел од тестирање за V одд. на TIMSS меѓународната студија по математика и природни науки која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети..

Истата учебна година 30 ученици од сите паралелки од петто одделение (избрани по случаен избор) беа дел од државното тестирање по мајчин јазик и математика и се изведува со цел да се обезбедат информации за тоа колку учениците го совладале наставниот материјал предвиден според наставната програма, кои се областите во кои нашите ученици се соочуваат со потешкотии, како и други информации поврзани со позадинските фактори кои влијаат врз учењето, а ќе бидат добиени од прашалниците кои ги пополнуваа родителите.

Училиштето има формирано тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми.

Учениците со поттешкотии поддршката ја добиваат согласно индивидуалните потреби. Во соработка со одделенските и класните раководители се врши идентификација на потребите на ученикот, а по потреба се вклучуваат и други институции и стручни лица се со цел надминување на тешкотиите и зголемување на функционалноста на учениците .

Стручните соработници организираат индивидуални средби, разговори, работилници, техники за како да се олесни учењето, вештини за континуирано учење. Се вклучуваат со советување на учениците/родителите (согласно чл.76 од ЗОО), соработка и континуирана поддршка. Се врши советување на ученици и родители кои послабо напредуваат, имаат негативни оценки, несоодветно се однесуваат во училиштето или изостануваат од настава.

Исто така наставниците постојано работат на надминување на тешкотиите со индивидуален пристап во наставата, редовно одржување на часовите по дополнителна настава.

Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка од наставниците со вклучување во вonнаставни активности, членување во слободните ученички активности(секции според афинитетите), учество во проекти и истражувања на конкретна тема, учество на натпревари и конкурси организирани во училиштето, општината, МОН.

Училишниот психолог работи индивидуално со овие ученици, особено со зајакнување на нивните лични и социјални капацитети.

Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката.

Согласно Законот за основно образование, нашето училиште од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип.

Во нашето училиште има дефектолог кој работи со ученици со посебни потреби со категоризација инклузирани во редовна настава или без категоризација кои имаат посериозни потешкотии во усвојувањето на наставните програми, но не работат по ИОП, но родителите се согласни училишниот дефектолог да работи со нив. Училиштето води евиденција за овие ученици.

Училиштето врз основа на Законот за основно образование формираше училишен инклузивен тим со мандат од три учебни години.

Исто така, училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик посебно инклузиран во редовна настава. Овие тимови се со времетраење до завршување на школувањето на ученикот.

Согласно Законот за основно образование во соработка со Ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес ученици инклузирани во редовна настава се ангажирани образовни асистенти согласно препораките од Комисијата за проценка на функционирање според МКФ. Секој наставник има истакнато приемни денови така што родителите можат еднаш неделно да стапат во директен контакт со секој наставник поединечно и да добијат детален извештај за успехот на нивните деца по секој предмет поединчено, но поголемиот број на родители не ја користат можноста да добијат таква информација.

Редовно се одржуваат родителски средби на кои родителите се известени за успехот, постигањата и поведението на учениците.

**Силни страни**

- Согласно Законот за основно образование, нашето училиште од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип.
- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.
- Постигнувањата на учениците се следат континуирано и за секој класификационен период се прават анализи на успехот по предмети, паралелки, учебни години и класификациони периоди.

**Слаби страни**

- Поголем број родители не ја користат можноста да разговараат индивидуално со секој наставник за постигањата на своето дете.
- Недоволен број на часови од дополнителна и додатна настава со учениците каде има потреба од страна на сите наставници.
- Недовлна вкученост на родителите во животот на училиштето.

**Приоритети**

- Редовно планирање и реализирање на дополнителната и додатната настава од страна на сите наставници.
- Зајакнување на партнерството со родителите и заедницата.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Анкета со наставници<br>• Анкета со родители<br>• Анкета со ученици<br>• Кодекс за однесување на ученици<br>• Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници<br>• Дипломи, пофалници, благодарници и награди<br>• Интернет портали<br>• Табели за резултати од натпревари<br>• Фотографии<br>• Веб страна<br>• ФБ страна<br>• Локални медиуми<br>• Извештаи | **Углед/имиџ на училиштето** | Угледот на училиштето се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности, меѓусебните односи на сите чинители вклучени во воспитнообразовниот процес. Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа,постигања на учениците, дисциплината и континуираната насоченост кон остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат угледот на училиштето во што несомнено и успеваат. Наставниот кадар ужива почитување кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.<br>Промовирање на постигнувањата за сите ученици како и афирмирање на воннаставните активности се прават преку facebook страната на училиштето и web страната и локалните медиуми.<br>Голем број од ВО кадар во нашето училиште соработуваат помеѓу себе професионално, квалитетно ја извршуваат својата воспитно образовна дејност и со тоа градат добра работна атмосфера. Во училиштето е воспоставен систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.<br>Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во обласа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето.<br>Во училиштето се почитуваат сите ученици независно од нивните способности и образовни потреби и се јакне соработката со родителите и заедницата. Сите заедно (наставниците, учениците и родителите) допринесуваат училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него. |
| | **Кодекс на однесување** | Во училиштето постојат повеќе Кодекси на однесување, Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите, Кодекс на однесување на останатите вработени во училиштето. Исто така има донесено правилници со кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | структури во училиштето (раководниот кадар, стручната служба, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во нивната изработка учествуваа претставници на сите структури во училиштето и доследно се почитува од сите. Доколку правилата на однесување донесени се прекршат на кој било начин, училиштето ќе премине кон извршување на пропишаните процедури за прекршување на истиот. Со нив се запознаваат учениците и родителите во почетокот од секоја учебна година, на првата родителска средба и истите се истакнати на видни места во училиштето и објавени на училишната веб страна. Училиштето има воспоставен куќен ред кој се почитува и од учениците, вработените и родителите. Како и кодекс на облекување -задолжително носење униформа која е бесплатно обезбедена од училиштето.<br>Од добиените резултати од прашалникот за родители на **прашањето** Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето родителите ги дале следниве одговори со „целосно се согласувам“ 54,1%, со „се согласувам“ 42,6% со „не се согласувам“ 0,8 % со „целосно не се согласувам“0.8% и со„ немам информации “1,6 % од родителите.. |
| | **Училишна клима** | Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот.<br>Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи и имаат поддршка од директорот и стручните соработници,<br>Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол и верска припадност, социо - економски и емоционален развој. Меѓусебното почитување и постигнатите резултати овозможуваат наставниците и учениците да бидат горди на своето училиште.<br>Училишната клима е на задоволително ниво. Таа се согледува во соработката на наставниците и учениците и меѓусебната комуникацијата меѓу самите наставници во образовниот процес.<br>Односите меѓу учениците од ист и различен пол се исполнети со меѓусебно почитување, толеранција и помагање.<br>Од прашалниците се добиени следниве резултати на **прашањето** Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците, родителите ги дале следниве одговори „целосно се согласувам“ одговориле 48,4 % со „се согласувам“ одговориле 45,1 % со „не се согласувам“ 5,7% и со „не знам“ 0,8 %. Додека за односот ученик – ученик родителите на **прашањето** Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците ги дале следниве одговори„ со целосно се согласувам“ 45,1% со„ се согласувам“ 50,8% со „не се согласувам“ |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1,6 со „целосно не се согласувам“ 1,6 % и со„ не знам“ 0,8 %.<br>Од прашалникот за ученици на **прашањето** Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици учениците 58,6% одговориле „целосно се согласувам“ , со „се согласувам“одговориле 33,6% со „не се согласувам“одговориле 1,7 % со„ целосно не се согласувам“ 5,2% и со „не знам“ 0,9 %, на **прашањето** Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците учениците одговориле со 59,5% „целосно се согласувам“ со „се согласувам“ 34,55 со „не се согласувам“ 2,6 % со „целосно не се согласувам“ 1,7 5 и со „немам информации“1,7 %.<br>Наставниците одговараа на **прашање** добро соработувам со колегите во училиштето и со „целосно се согласувам“ одговориле 56,6 % со „се согласувам“ 39,6%, со „не се согласувам“ 1,9 % со „немам информации“ 1,9 %. |
| | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, одморите, приемот на учениците и нивното испраќање. Во текот на учебната година со цел да се одржи редот, дисциплината и безбедноста во училиштето, организирани се секојдневни дежурства од предметни и одделенски наставници.<br>Наставниците со успех ги решаваат проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста и соодветно го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Сите вработени се трудат да одржуваат позитивна атмосфера во училиштето без закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл. Педагошко-психолошка служба во училиштето има добра соработка со наставниците, учениците и нивните родители и со успех решаваат одредени потешкотии.<br>Училиштето води редовна педагошка евиденција за изречени педагошки мерки.<br>Според истите се формира Тим за поддршка на родители и ученици.<br>На прашањето Училиштето добро се справува со дисциплината од прашалникот за родители се дадени следниве одговори „целосно се согласувам“ 37,7 %, со „се согласувам“ 47,5%, со „не се согласувам“ 9%, со „целосно не се согласувам“ 3,3% и 2,5% „немам информација“.<br>Учениците во прашалникот на прашањето Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме одговориле со |

| | | |
|---|---|---|
| | | „целосно се согласувам "44%, со „се согласувам" 37.1% ,со „не се согласувам" 10.3 %, со „целосно не се согласувам" 5,2% и „немам информација" 3,4 %. |
| | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Училиштето има демократски избран Ученички парламент за остварување на интересите на учениците кој учествува во решавањето проблеми и донесување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците и во истата има вклучено ученици од сите националности. Учениците преку Ученичкиот парламент активно учествуваат во застапувањето и промовирање на правата и интересите на учениците. Претставници од Ученичкиот парламент се присутни на Наставничките совети, на Совет на родители и на состаноците на Училишниот одбор. Наставниците одговарајќи на **прашањето** Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес наставниците се согласуваат со ова. Учениците на **прашањето** Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето учениците одговориле со „целосно се согласувам" 34,5%, со „се согласувам" 44,8 %, со „не се согласувам" 7,8%, со „целосно не се согласувам" 3,4% и со „немам информација" 9.5%. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Анкета со наставници<br>• Анкета со родители<br>• Анкета со ученици<br>• Кодекс за однесување на ученици<br>• Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници<br>• Дипломи, пофалници, благодарници и | **Познавање и почитување на правата на децата** | Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста и се залага за соработка и еднаквост на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Некои наставни предмети (часот на одделенската заедница – Програма: Образование за животни вештини) третираат проблематика поврзана со еднаквост и правичност. Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост и правичност во однос на сите ученици. Во училиштето се организираат воннаставни активности по повод Детска недела и Меѓународен ден на детето на кој се става посебен акцент на правата на децата. На голем дел од активностите присуствуваат и родителите/старателите. Најголем број ученици одговориле потврдно на **прашањето** Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права. Од прашалникот за родители на **прашањето** Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето родителите одговориле со |

| | | |
|---|---|---|
| награди<br>• Интернет портали<br>• Табели за резултати од натпревари<br>• Фотографии<br>• Веб страна<br>• ФБ страна<br>• Локални медиуми<br>• Извештаи | | „целосно се согласувам“ 24,6% , со „се согласувам“ 41,8%, со „не се согласувам“ 11,5% , со „целосно не се согласувам“ 2,5 % и со „немам информација“ 19,7 %. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло, индивидуалните способности и кога се работи за активности на часот и активности надвор од часот. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава и воннаставните активности. Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Наставниците во своите Годишни програми доставуваат и план за спроведување на мултикултура на часовите. Училиштето е дел од проектите на МОН за промовирање и спроведување на активности за мултикултурализмот и во согласност со тоа учениците се воспитуваат и образуваат со примена на мултикултурализам во наставата.<br>Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат доколку имаат нееднаков третман за што училиштето веднаш превзема мерки. На прашањето Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, учениците ги дале следниве одговори со „целосно се согласувам“ одговориле 56 %, со „се согласувам“ 29,3%, со „не се согласувам“ одговориле 10,3 %, со „целосно не се согласувам“ одговориле 4,3 % и со „не знам“ 0,9 % од учениците. Родителите на поставеното **прашање** Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго одговориле со „целосно се согласувам“ 50,8 % , со „се согласувам“ 45,1%, со „не се согласувам“ 3,3% и со „целосно не се согласувам“ 0,8%. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со наставници<br>• Анкета со родители<br>• Анкета со ученици<br>• Кодекс за однесување на ученици<br>• Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници<br>• Дипломи, | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** | Соработката на училиштето со семејството се реализира преку различни форми и активности како што се:<br>- индивидуални контакти ( посета на родителот во училиштето, телефонски разговори);<br>- родителски состаноци ( на ниво на училиште, одделение, паралелка, група за одредени прашања) ;<br>- вклучување на родителите во сите структурни подрачја, односно во зависност од нивната професија и афинитет даваат придонес со свои мислења и сугестии во следењето и унапредувањето на образовната и воспитната дејност на училиштето.<br>Преку работата на Советот на родители се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето, со извештајот од реализираните задачи |

| | | |
|---|---|---|
| пофалници, благодарници и награди<br>• Интернет портали<br>• Табели за резултати од натпревари<br>• Фотографии<br>• Веб страна<br>• ФБ страна<br>• Локални медиуми<br>• Извештаи | | и постигнатите резултати, со условите за работа, мисијата, визијата и за натамошниот развој на училиштето.<br>Родителите со специфични професии се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема или преку посета на нивните работни места. |
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.<br>Училиштето ја збогатува својата воспитно–образовна дејност и преку соработката со културните установи и институции и тоа: Домот на културата на општина Пробиштип кој располага со градска библиотека и со локалната самоуправа преку посети, организирање академии, предавање на разни теми за едукација на учениците и наставниците и сл.<br>Соработката со локалното население се реализира преку организирање на разновидни општествени културни и образовни активности како што се прослави на празници и јубилеи, изложби, вклучување во проекти за унапредување на знаењето кај учениците.<br>Преку соработката со локалните стопански организации кај учениците се развива позитивен однос кон трудот, самостојност, креативност и воведување во начинот на работењето и производството.<br>Училиштето соработува со останатите училишта од општината преку организирање на спортски активности, литературни читања, натпревари и други манифестации. Во соработка со Црвен Крст Пробиштип се реализираат предавања за заштита од пороци, заразно-преносливи болести, ХИВ/Сида, Волонтеризам и сл., изготвен е План за евакуација, реализирана е показна вежба за евакуација, наши ученици учествуваат на литературни и ликовни конкурси по разни поводи, а исто така се реализираат собирни акции за донации на храна и облека. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со наставници<br>• Анкета со родители<br>• Анкета со ученици | **Превенција и заштита од насилство** | Во училиштето редовно се преземаат мерки за санкционирање и намалување на насилство.. Стручната служба работи на зачувување на менталното здравје кај учениците, како преземање мерки за спречување на сајбер насилството меѓу младите(преку предавања со презентации како и прашалник за ученици). |

| | | |
|---|---|---|
| • Кодекс за однесување на ученици<br>• Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници<br>• Дипломи, пофалници, благодарници и награди<br>• Интернет портали<br>• Табели за резултати од натпревари<br>• Фотографии<br>• Веб страна<br>• ФБ страна<br>• Локални медиуми<br>• Извештаи | | Училиштето има протокол за насилство издаден врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, во кој се дефинирани сите облици на насилство (психичко, физичко, семејно насилство, булинг). Во училиштето се евидентира и санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуална појава на различни облици на насилство. Документот е достапен за сите (наставници, ученици и родители). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Во активностите за заштита од насилство, училиштето соработува со надлежните институции (Центар за социјални работи, МВР, здравствени институции). При евентуални ситуации на појава на насилство, учесниците и сведоците на насилството, како и нивните родители се запознаени со своите права и процедури за поднесување на поплаки, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрасно.<br>Сите чинители од училиштето работат на спречување и намалување на насилството меѓу учениците.<br>Учениците на **прашањето** Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето учениците одговориле со „целосно се согласувам" 55,2%, со „се согласувам" 37,1%, с**о „не се согласувам"**, 3,4 % со „целосно не се согласувам" 1,7 % и „немам информација" со 2,6 %. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | Училиштето има стратегија за едуцирање на учениците за опасностите и штетноста од пушењето, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. За таа цел во училиштето во соработка со служби од надлежните институции, се организираат и одржуваат работилници и трибини на кои се потенцира штетноста на овие средства.<br>Наставниците ги дале следниве одговори на прашањето Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога 22,6 % со „целосно се согласувам", со „се согласувам" 56,6 % со „не се согласувам" 13,2% , 7,5% со „немам информации" . Додека на слично прашање Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога родителите одговориле со „целосно се согласувам "36,9%,3 % со „се согласувам", 44,3% со „**целосно не се согласувам" 2,5 % и** „со |

| | |
|---|---|
| | немам информација“ 16,4%. Учениците пак на прашањето Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога учениците одговориле со „целосно се согласувам“ 31,9 %, со „се согласувам“ 28,4 %, со „не се согласувам“ 19 %, со „целосно не се согласувам“ 3,4 %,и со „немам информации“17,2 %. |
| **Квалитет на достапна храна** | Во училиштето се води грижа и се промовира здравата исхрана.<br>Во текот на учебната година се организираат едукативни предавања за значењето на здравата исхрана со цел подигање на свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна, а учениците ќе изработуваат проект на истата тема. Во нашето училиште секој ученик од прво до петто одделение има бесплатен оброк обезбеден од Локалната самоуправа на Општината, а останатите ученици храната ја носат од дома или ја набавуваат од продажните објекти во близина на училиштето. |
| **Хигиена и заштита од болести** | Училишната средина во голема мера влијае врз правилен психофизички развој на детскиот организам. Основна цел на училишната хигиена е да го сведе на минимум негативното влијание на училишната средина врз физичкото и психичкото здравје на учениците. Сето ова се остварува со правилно одржување на сите училишни простории, во согласност со хигиенските стандарди и барања.<br>Во училиштето се реализираат предавања и работилници на актуелни теми за заштита од заразни болести. Редовно се организираат систематски прегледи за вработените и учениците.<br>Систематски преглед на учениците од I, III, V, VII и IX одделение се спроведуваат - Според планот на Јавната здравствена установа „Нада Михајлова“-Пробиштип. Тие опфаќаат мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ‘рбетен столб и локомоторен систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и доколку има потреба се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување. За сите прегледи навремено се информираат родителите, а истите се изведуваат во ЈЗУ „Нада Михајлова“ со одделенскиот раководител или предметен наставник. Систематските прегледи се извршуваат по завршувањето на часовите без да се попречува наставата. Исто така, во соработка и според планот на Јавната здравствена установа „Нада Михајлова“ - Пробиштип ќе се спроведе систематски преглед и залевање на забите на учениците.<br><br>Вакцинација и ревакцинација се врши Според планот на Јавната задравствена установа „Нада Михајлова“-Пробиштип. Опфатени се учениците според календарот за имунизација и вакцинација, одговорното |

| | |
|---|---|
| | лице од училиштето е одделенскиот раководител. Учениците на прашањето Училиштето е чисто и уредно со 38,8 % одговориле „целосно се согласувам“ со 38.8% одговориле со „се согласувам“ , со „не се согласувам“ 20,7% и со „целосно не се согласувам“ 1,7 % од учениците. Родителите пак на прашањето  Хигиената во училиштето е на високо ниво ги дале следниве одговори со „целосно се согласувам“ 40,2% ,со „се согласувам“ 41,8% ,со „не се согласувам“ 10,7 %, со „целосно не се согласувам“4,9 % и „немам информации“ 2,5 %. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Просторот во училиштето е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност за повредување на учениците. Сите потенцијално опасни места (електрични приклучоци, лизгави површини, струјни места, канализациски одводи и др.), се соодветно обележани и во ЦОУ и во подрачните училишта. Редовно се сервисираат и проверуваат ПП-апаратите во училиштето На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал, а за заштита на учениците и вработените во училиштето има поставено камери за видео-надзор. Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно. За таа цел училиштето има изработено план за безбедност на учениците.<br>На **прашањето** Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно учениците со „целосно се согласувам" одговориле 54,3% со „се согласувам" 39,7%, со„ не се согласувам" 3,4% и со „целосно не се согласувам" 2,6% . |
| | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства и кога се укажува можност обезбедува материјални средства или друг вид помош со надворешна финансиска поддршка (општина, хуманитарни организации, приватни фирми...) исто така и училиштето спроведува интерни хуманитарни акции во соработка со локалната средина за обезбедување на средства кои ќе се користат во хуманитарни цели. |
| | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | Се води посебна грижа за учениците кои имаат здравствени проблеми. Доколку ученикот покажува влошено здравје, наставникот му укажува прва помош, го ослободува од часови и веднаш го информира родителот за влошената здравствена состојба<br>Развиен е ефективен систем за детектирање на ученици со здравствени проблеми преку соработка со родители, па училиштето има податоци за учениците кои имаат одредено заболување.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за следење на наставата онлајн или преку достава на материјали, проверка на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците** | Училиштето има пропишана процедура за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Училишнио психолог, им помага на учениците со вакви ситуации. Психологот и другите стручни соработници, доколку има потреба ги упатуваат овие ученици до соодветните и релевантни институции.<br>Родителите на прашањето Дали училиштето се грижи за емоционалноста на моето дете – со „целосно се согласувам“ одговориле 37,7% со „се согласувам“45,1%, со „не се согласувам“ 6,6%, со „целосно не се согласувам“ 7,4% и „немам информација“ одговориле 3,3 % |
| | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Училиштето има изработено програма за професионална ориентација на учениците. Согласно програмата, стручната служба во училиштето ги информира учениците за можностите на учениците за понатамошно образование Тимот за професионална ориентација на учениците има обврска да ги запознае учениците од деветто одделение со различните занимања кои се нудат, преку лични тестови за професионална ориентација се следат и откриваат учениците со специфични способности и интереси. Тимот за професионална ориентација организира за учениците од деветто одделение, претставување на средни училишта, како и посета на средни училишта. Од страна на психологот се реализираат предавања и работилници за професионална ориентација.<br>Најголем број од родителите по однос на тврдење Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на ученици се согласни дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на ученици, незначителен дел „не се согласуваат“ 9% со ова тврдење, додека 5,7% се изјасниле дека „немаат информација“ дали тоа е така. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Угледот на училиштето се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни вонннаставни активности, меѓусебните односи на сите чинители вклучени во воспитнообразовниот процес. Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа,постигања на учениците, дисциплината и континуираната насоченост кон остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат угледот на училиштето во што несомнено и успеваат. Наставниот кадар ужива почитување кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.

Промовирање на постигнувањата за сите ученици како и афирмирање на вонннаставните активности се прават преку facebook страната на училиштето, web страната и локалните медиуми.

Во училиштето е воспоставен систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Во училиштето се почитуваат сите ученици независно од нивните способности и образовни потреби и се јакне соработката со родителите и заедницата. Сите заедно (наставниците, учениците и родителите) допринесуваат училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него.

Во училиштето постојат повеќе Кодекси на однесување и правилници. Со нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, стручната служба, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Доколку правилата на однесување донесени со кодексот се прекршат на било кој начин, во училиштето постојат правилници по кои се реагира за направените прекршоци.

Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол, етничка припадност, социо - економски и емоционален развој.

Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, одморите, приемот на учениците и нивното испраќање.

Училиштето има демократски избран Ученички парламент која учествува во решавањето проблеми и донесување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Претставници од Ученичкиот парламент се присутни на Наставничките совети на Совет на родители и на состаноците на Училишниот одбор.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците.

Соработката на училиштето со семејството се реализира преку различни форми и активности како што се:

- индивидуални контакти ( посета на родителот во училиштето, телефонски разговори);
- родителски состаноци ( на ниво на училиште, одделение, паралелка, група за одредени прашања) ;
- вклучување на родителите во сите структурни подрачја, односно во зависност од нивната професија и афинитет даваат придонес со свои мислења и сугестии во следењето и унапредувањето на образовната и воспитната дејност на училиштето.

Преку работата на Советот на родители се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето, со извештајот од реализираните задачи и постигнатите резултати, со условите за работа, мисијата, визијата и за натамошниот развој на училиштето.

Родителите со специфични професии се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема или преку посета на нивните работни места.

Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето ја збогатува својата воспитно –образовна дејност и преку соработката со културните установи и институции и тоа: Домот на културата на општина Пробиштип кој располага со градска библиотека и со локалната самоуправа преку посети, организирање академии, предавање на разни теми за едукација на учениците и наставниците и сл.

Соработката со локалното население се реализира преку организирање на разновидни општествени културни и образовни активности како што се прослави на празници и јубилеи, изложби, вклучување во проекти за унапредување на знаењето кај учениците.

Преку соработката со локалните стопански организации кај учениците се развива позитивен однос кон трудот, самостојност, креативност и воведување во начинот на работењето и производството.

Училиштето соработува со останатите училишта од општината преку организирање на спортски активности, литературни читања, натпревари и други манифестации. Во соработка со Црвен Крст Пробиштип се реализираат предавања за заштита од пороци, заразно-преносливи болести, ХИВ/Сида, Волонтеризам и сл., изготвен е План за евакуација, реализирана е показна вежба за евакуација, наши ученици учествуваат на литературни и ликовни конкурси по разни поводи, а исто така се реализираат собирни акции за донации на храна и облека.

Во училиштето се преземаат мерки за санкционирање на насилство. Стручната служба работи на зачувување на менталното здравје кај учениците, како преземање мерки за спречување на сајбер насилството меѓу младите(преку предавања со презентации како и прашалник за ученици).

Училиштето има протокол за насилство издаден врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, во кој се дефинирани сите облици на насилство (психичко, физичко, семејно насилство, булинг).

Училиштето има стратегија за едуцирање на учениците за опасностите и штетноста од пушењето, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. За таа цел во училиштето во соработка со служби од надлежните институции, се организираат и одржуваат работилници и трибини на кои се потенцира штетноста на овие средства.

Во училиштето се води грижа и се промовира здравата исхрана.

Училишната средина во голема мера влијае врз правилен психофизички развој на детскиот организам. Основна цел на училишната хигиена е да го сведе на минимум негативното влијание на училишната средина врз физичкото и психичкото здравје на учениците.

Во училиштето се реализираат предавања и работилници на актуелни теми за заштита од заразни болести. Редовно се организираат систематски прегледи за вработените и учениците.

Исто така, во соработка и според планот на Јавната здравствена установа „Нада Михајлова“ - Пробиштип ќе се спроведе систематски преглед и залевање на забите на учениците.

Вакцинација и ревакцинација се врши Според планот на Јавната задравствена установа „Нада Михајлова“-Пробиштип. Опфатени се учениците според календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето е одделенскиот раководител.

Просторот во училиштето е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност за повредување на учениците. Сите потенцијално опасни места (електрични приклучоци, лизгави површини, струјни места, канализациски одводи и др.), се соодветно обележани и во ЦОУ и во подрачните училишта. Редовно се сервисираат и проверуваат ПП-апаратите во училиштето. На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал, а за заштита на учениците и вработените во училиштето има поставено камери за видео-надзор. Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно. За таа цел училиштето има изработено план за безбедност на учениците.

Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства и кога се укажува можност обезбедува материјални средства или друг вид помош со надворешна финансиска подршка (општина, хуманитарни организации, приватни фирми...) исто така и

| |
|---|
| училиштето спроведува интерни хуманитарни акции во соработка со локалната средина за обезбедување на средства кои ќе се користат во хуманитарни цели.<br>Развиен е ефективен систем за детектирање на ученици со здравствени проблеми преку соработка со родители па училиштето има податоци за учениците кои имаат одредено заболување<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отствуваат од редовната настава.<br>. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за следење на наставата онлајн или преку достава на материјали, проверка на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи.<br>Училиштето има изработено програма за професионална ориентација научениците. |
| **Силни страни**<br>• Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;<br>• Училиштето има безбедна инфраструктура и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците;<br>• Добра информираност на учениците за професионалната ориентација;<br>• Училиштето има протокол за насилство издаден врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>• Учениците се безбедни во училиштето и  знаат како да постапат доколку се почувствуваат небезбедно,  се сведоци на насилство или се жртва на насилство.<br>• Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот.<br>• Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол и верска припадност, социо-економски и емоционален развој. Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. |
| **Слаби страни**<br>• Хигиената во училиштето не е на многу виско ниво;<br>• Вклучување на сите чинители во креирањето и донесувањето на кодексите на однесување и правилниците.<br>• Потреба од организирање на поголен број на работилници за превенција од појавата на пушење, дрога, алкохоли друго девијантно однесување.<br>• Недоволно вклучување од страна на родителите во активностите, животот и работата на училиштето.<br>• Реализирање на работилници заеднички за родителите и учениците за запознавање со правата и обврските на децата.<br>• Недоволна компетентност на наставниците да реагираат на емоционални, здравствени, социјални потреби или проблеми кај ученици. |
| **Приоритети**<br>• Зголемување на нивото на хигиената во училиштето;<br>• Организирање и реализирање на поголен број на работилници за превенција од појавата на кражби, пушење, дрога, алкохоли друго девијантно однесување.<br>• Зголемување на компетентноста на наставниците преку посета на обуки да реагираат на емоционални, здравствени, социјални потреби или проблеми кај учениците . |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="2">-Програма за работа на Училишниот одбор;<br>-Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>-Статут на училиштето;<br>-Извештај од самоевалуација;<br>-Записници;<br>-Одлуки,Извештаи од работата на Училишниот одбор;<br>-Развојна програма на училиштето;<br>-Интервју со Директор;<br>-Програма за работа на директорот;<br>-Анкета за наставниците, родителите и учениците;<br>- Програма за работа на училишната библиотека/медиатека.</td><td>Управување со училиштето</td><td>Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има седум члена. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана, одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките. Има Деловник за работа и соработува со директорот. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган во училиштето и други образовни структури. Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа, ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла и веб страната. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.<br>Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Од прашалникот за родители на прашањето Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки се добиени следниве резултати со „целосно се согласувам“ 38,8 %, со „се согласувам“ 34,4%, со „не се согласувам“ 8,2%, „целосно не се согласувам“ 1,6% и со„немам информации“ 23%.</td></tr>
<tr><td>Раководење со училиштето</td><td>Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето како и материјално-финансиското работење на училиштето.<br>Директорот исто така се грижи за перманентното стручно усовршување на наставничкиот и стручниот кадар, врши аналитичко студиска работа, соработува со учениците и нивните организации, превзема мерки за подобрување на условите за работа во училиштето.<br>Директорот има јасна визија за училиштето и сите постапки водат кон тимско работење и реализација на визијата за училиштето</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето. Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар се одржуваат еднаш месечно и со нив раководи директорот на училиштето. На истите се разгледува и усвојува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички екскурзии, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања поврзани со наставата.<br>Раководниот орган работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.<br>Раководниот тим има толерантен однос со сите субјекти во училиштето. Консултациите се одвиваат по пат на разговор, со почитување на личноста на соговорникот. Информации добиваат и на состаноци, усни известувања и писмени на огласна табла во училиштето или по електронски пат. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој.<br>Од прашалникот за наставници на прашањето Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки се добиени следниве одговори со „целосно се согласувам“ 43,4%, со „се согласувам“ 52,8 % , со „не се согласувам“ 1,9 % и со „немам информации“ 1,9% |
| | **Управување и раководење со ресурсите** | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вonнаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека располага со лектирен фонд којшто ги покрива училишните потреби на учениците. Училиштето постојано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и во согласност со потребите наменски инвестира во истата. Со Програмата за развој на училиштето дел од планираните инфраструктурни промени се завршени. Секогаш се бара начин за реализација на поставените приоритети, но незавршените приоритети се планираат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | префрлуваат во Годишната програма за следната учебна година. Од инфраструктурите проекти и проектите за подобрување на условите за учење и престој во училиштето, би ги истакнале: .<br><br>Во изминатиот период во училиштето беа реализирани повеќе активности со цел подобрување на материјално – техничките услови за работа во училиштето и тоа:<br>-Набавка на нови наставно-нагледни средства (разни видови топки за ФЗО, историски и географски карти, глобуси, разни постери, разни игри за во дневен престој, 10 шахови, прирачници за наставниците од прво до петто одделение, прирачници по математика за шесто одделение, прирачници по германски јазик, пет ТВ уреди);<br>- Набавка на нови лектирни изданија за збогатување на библиотечниот фонд во библиотеката во ПУ во Злетово и набавка на стручни книги за вработените;<br>- Реконструкција на спортско игралиште во ПУ Злетово и поставување на теренот со вештачка трева и реконструкција на трибините;<br>- Поставување на спортска подлога за кошарка и репарирање на трибините и замена на стрите кошови во ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип;<br>- Набавка на информатичка опрема (7 преносни – лаптоп компјутери, 2 МФП (принтер, копир, скенер), 2 ЛЦД проектори за потребите на училиштето;<br>- Поставени 20 инвертер клими (1 во ПУ во Ратавица, 11 во ПУ Злетово, 6 во Централно училиште);<br>- Набавка на униформи на сите ученици;<br>- Набавка на 10 ПП апарати за потребите на училиштето;<br>- Извршени молерофарбарски услуги на трети спрат во Централното училиште;<br>- Промена на фасадна столарија (прозорци) во спортската сала во Централното училиште;<br>- Набавка на мебел: 21 катедра, 10 канцелариски столови, 20 ормари за кабинети и училници, 8 ормари за во соблекувалните во спортската сала.<br>- Поставување на столчиња во спортската сала;<br>- Замена на подот и внатрешните врати во ПУ населба Пробиштип;<br>Од прашалникот за наставници на **прашањето** Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонннаставните активности наставниците одговориле со „целосно се согласувам“ 32,1%, со „се согласувам“ 43,4%, со „не се согласувам“ 13,25 %, со „целосно не се согласувам“ 9,4% и со „немам информации“ 1,9%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спроведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека управувањето и раководењето со ресурсите е на многу добро ниво. |
| | **Раководење со кадарот** | Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br>Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со колегите.<br><br>Развојното планирање содржи јасно дефинирање на приоритетите, целите и задачите, кои директно влијаат на креирањето на училишната политика, а кои се одраз на мисијата и визијата на училиштето. Во поставувањето на развојните цели, вклучени се сите чинители од воспитно-образовниот процес.<br>Вработените од нашето училиште имаат посетено голем број на обуки, семинари, работилници и друг вид на стручно усовршување.<br>Училиштето континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците.<br>Училиштето врз основа на Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Изработува училишна програма за професионален развој на наставниците. Планирање на професионалниот развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 10 септември за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма. Делот Реализација на професионален развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 30 јуни за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | во хартиена или електронска форма. Наставниците на прашањето Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам, наставниците одговориле со „целосно се согласувам“ 30,2% ,со се согласувам 58,5% и со „не се согласувам“ 11,3 %.<br>Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, како и програма за менторство.<br>Од прашалникот за родители на прашањето Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен, родителите ги дале следниве одговори со „целосно се согласувам“ одговориле 42,6%, 43,4 % со „се согласувам“, 6,6 не се согласувам, со целосно не се согласувам 3,3 % и со немам информација 4,1%.<br>На **прашањето** Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците, наставниците одговориле со „целосно се согласувам“ 28,3% со „се согласувам“ 50,9% со „не се согласувам“17% и со „немам информации“ 3,8 %. |
| | **Следење и унапредување на наставниот процес** | Наставниот процес во нашето училиште континуирано се следи од страна на директорот, стручната служба, а исто така и од БРО и ДПИ. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку: посета на часови од страна на директорот и стручната служба (педагог и психолог), посета на редовните и отворените часови, следење на наставните и вонаставните активности, увид врз водењето на педагошка евиденција и документација, учество на наставниците во работата на стручните органи, постигнатите успеси на натпревари, редовното и перманентно усовршување на интерни и екстерни обуки и семинари, како и организирањето и учеството на работилници и стручни активи.<br>На крајот од секој класификационен период ППС врши редовен увид врз електронски дневници од наставниците, бележи и реализира консултативни разговори со наставниците, со цел отклонување на недостатоците при водење на педагошката евиденција и насоки за квалитетно водење на истата.<br>Сите податоци од увидот врз работата на наставниците и од нивното се собираат согласно ЗОО и се внесуваат во педагошкиот картон и професионалното досие на наставникот што се чуваат кај ППС во училиштето. Понатаму тие податоци заедно со изготвените Извештаи и ЛППР (Личен план за професионален развој) се користат за планирање на професионалниот развој на наставниците и во давањето поддршка на нивните потреби поврзани со ВОП и тоа преку испраќање на интерни и екстерни советувања, обуки и семинари, организирање на интерни обуки од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите ,како и од интервјуто со |

| | | |
|---|---|---|
| | | раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на Училишен одбор, може да се забележи дека следењето и унапредувањето на наставниот процес е на многу добро ниво. Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи најмалку еднаш во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени чек-листи/ протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.<br>Наставниците на **прашањето** За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација одговориле 41,5% со „целосно се согласувам", со „се согласувам" 52,8% и 1,9% „немам информации". |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето<br>-Извештај од самоевалуација<br>-Развојна програма на училиштето<br>- Акциони планови<br>-Анкети/Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници родители, ученици<br>- Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет<br>- Записник од состаноци на Ученички парламент.<br>- Програма за работа и извештаи за работата на Училишниот одбор<br>- Деловник за работа на Училишниот одбор<br>- План за професионален развој<br>- Склучени договори, тендерска документација за | **Процедури за креирање на училишната политика** | Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат.<br>Со училишната политиката се информираат сите заинтересирани субјекти на Наставнички совет, Одделенски совети и стручни активи, како и преку развој на тимската работа и врз основа на разговори за состојбата во училиштето.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на политиките, целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување преку состаноците на Наставничкиот совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, Совет на родители и родителски состаноци, стручни активи, преку соопштенија, информативни катчиња, огласна табла, веб страна на училиштето. Учениците преку Ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на учениците . Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето. |
| | **Резултати од развојно планирање** | Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Целите за развојно планирање се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| јавни набавки<br>-Буџет и финансиски план на училиштето<br>Документи од сметководството кое се води во училиштето од страна на книговодител: | | Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на планирање на целите и нивното поставување се вклучени наставниците- ментори, наставниците, родителите, учениците, Училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Целите на развојното планирање на училиштето се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и тие придонесуваат за подобрување на севкупните состојби во училиштето. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби.<br>Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на Развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. Директорот и стручната служба соодветно се залагаат за реализација на Годишната програма за работа на училиштето, органите и телата на училиштето се активно вклучени во креирањето на училишната образовна политика, наставниците се вклучени во изработка на акциските планови на училиштето.Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека резултатите од развојното планирање- делумно задоволува .<br>На прашањето Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање наставниците одговориле со „целосно се согласувам“ 32,1% со „се согласувам“ 64,2% и со „не се согласувам“ 3,8%. |
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | Финансиското работење на училиштето се врши преку две жиро сметки, со наменски средства. Првата жиро сметка (буџетска сметка) е од Министерството за образование и наука преку која се финансираат личните примања на вработените и материјалните трошоци. Втората сметка е сметка на сопствените приходи, и приходите се од издавање на спортската сала и плаќање на членарина за нижо музичкото училиште.<br>Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети. На тој начин се врши контрола над нивното трошење.<br>За училишниот буџет и за трошоците, информации има директорот на училиштето и лицето кое раководи со финансиското работење. Секој од |

| | |
|---|---|
| | вработените може да се информира доколку изрази желба, а на крајот од годината преку изготвените завршни сметки се известуваат и членовите на Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат и од страна на основачот на состанок на Советот на општина Пробиштип.<br>Финансиката служба врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски планови однапред за тековната година. Тие планови се изготвуваат за секоја жиро сметка со која располага училиштето посебно. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за одвивање на работењето на училиштето и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето.<br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Сепак буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. На **прашањето** Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето наставниците одговориле со „целосно се согласувам“ 17,3 %, со „се согласувам„ 38,5% со „не се согласувам“ 32,7%, со „целосно не се согласувам“ 9,6 % и со „немам информации“ 9,6 %. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

Опис/резиме на подрачјето
Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има седум члена. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките. Има Деловник за работа и соработува со директорот. Според прашалникот за наставници и родители треба да бидат поинформирани наставниците за донесените одлуки. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.
Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.
Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.
Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето како и материјално-финансиското работење на училиштето.
Директорот исто така се грижи за перманентното стручно усовршување на наставничкиот и стручниот кадар, врши аналитичко студиска работа, соработува со учениците и нивните организации, превзема мерки за подобрување на условите за работа во училиштето.
Раководниот тим има толерантен однос со сите субјекти во училиштето. Консултациите се одвиваат по пат на разговор, со почитување личноста на соговорникот. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонанаставните активности.Училишната библиотека располага со лектирен фонд којшто ги покрива училишните потреби на учениците. Училиштето постојано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и во согласност со потребите наменски инвестира во истата.
Тековно во училиштето се реализираат повеќе активности со цел подобрување на материјално – техничките услови за работа.
Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спроведената анкета со членовите на Училишен одбор, може да се забележи дека управувањето и раководењето со ресурсите е на многу добро ниво.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите Наставни планови и програми, како и стручни соработници. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.
Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма.
Развојното планирање содржи јасно дефинирање на приоритетите, целите и задачите, кои директно влијаат на креирањето на училишната политика, а кои се одраз на мисијата и визијата на училиштето. Во поставувањето на развојните цели, вклучени се сите чинители од воспитно-образовниот процес.
Училиштето континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците.
Училиштето врз основа на Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници изработува училишна програма за професионален развој на наставниците.
Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите ,како и од интервјуто со

раководниот орган-директор, како и спроведената анкета со членовите на Училишен одбор, може да се забележи дека раководењето со кадарот е на многу добро ниво.
Наставниот процес во нашето училиште континуирано се следи од страна на директорот, стручната служба, а исто така и од БРО и ДПИ. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку: посета на часови од страна на директорот и стручната служба (педагог и психолог), посета на редовните и отворените часови, следење на наставните и вонаставните активности, увид врз водењето на педагошка евиденција и документација, учество на наставниците во работата на стручните органи, постигнатите успеси на натпревари, редовното и перманентно усовршување на интерни и екстерни обуки и семинари, како и организирањето и учеството на работилници и стручни активи.
На крајот од секој класификационен период ППС врши редовен увид врз електронски дневници од наставниците, бележи и реализира консултативни разговори со наставниците, со цел отклонување на недостатоците при водење на педагошката евиденција и насоки за квалитетно водење на истата.
Учениците преку Ученичкиот парламент, активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на учениците . Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето.
Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети. На тој начин се врши контрола над нивното трошење За училишниот буџет и за трошоците, информации има директорот на училиштето и лицето кое раководи со финансиското работење. Секој од вработените може да се информира доколку изрази желба, а на крајот од годината преку изготвените завршни сметки се известуваат и членовите на Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат и од страна на основачот на состанок на Советот на општина Пробиштип.
Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Сепак буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

**Силни страни**

- Во училиштето се воспоставени партнерски односи, тимска работа, организираност, грижа за учениците и вработените;.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки;
- Училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонnаставните активности;
- Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби;
- За следените наставни часови наставниците добиваат конструктивна повратна информација;
- Училиштето поттикнува стручно усовршување на наставниот кадар.

**Слаби страни**

- Наставниците не добиваат доволно повратни информации од одржаните состаноците на училишните тела (Училишен одбор, Совет на родители);
- Несподелување на доволно повратни информации од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во училиштето и динамиката за нивно реализирање;
- Просторните услови во библиотеката не дозволуваат да се користи како место за читање и учење;

**Приоритети**

- Воспоставување на поголема транспарентност за споделување на повратни информации и заклучоците до наставниците од одржаните состаноците на училишните тела (Училишен одбор, Совет на родители);
- Активна и редовна координација меѓу претставникот на Советот на родители со останатите родители од паралеките;
- Обезбедување на просторни услови за уредување на библиотеката.

| | Прашалник за наставници | ***Целосно се согласув ам*** | ***Се согласув ам*** | ***Не се согласува м*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | 20 | 27 | 4 | 1 | / |
| 1.2 | Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 39 | 12 | 1 | / | 1 |
| 1.3 | Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети | 25 | 20 | 5 | 2 | / |
| 1.4 | Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието | 32 | 19 | 1 | / | / |
| 1.5 | Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 31 | 22 | / | / | / |
| 1.6 | Во наставата користам различни ресурси за учење и настава | 33 | 19 | 1 | / | / |
| 1.7 | Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми | 21 | 31 | 1 | / | / |
| 1.8 | Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе | 32 | 20 | 1 | / | / |
| 1.9 | На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив | 23 | 29 | 1 | / | / |
| 1.10 | Кон учениците се однесувам со почитување | 38 | 14 | 1 | / | / |
| 1.11 | Ги разбирам проблемите и потребите на учениците | 31 | 21 | 1 | / | / |
| 1.12 | Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор | 18 | 35 | / | / | / |
| 1.13 | Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план | 14 | 36 | / | / | / |
| 1.14 | Успешно соработувам со образовните асистенти | 24 | 23 | 1 | / | 3 |
| 1.15 | Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати | 43 | 10 | / | / | / |
| 1.16 | Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд | 43 | 9 | / | 1 | / |
| 1.17 | На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 37 | 15 | 1 | / | / |
| 1.18 | Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките | 31 | 22 | / | / | / |
| 1.19 | На учениците им давам насоки како поуспешно да учат | 32 | 21 | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.20 | Применувам различни начини на оценување на учениците | 25 | 26 | 1 | / | 1 |
| 1.21 | Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 20 | 29 | 3 | / | 1 |
| 1.22 | Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. | 12 | 34 | 4 | 3 | / |
| 2.1 | Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето | 24 | 29 | / | / | / |
| 2.2 | Успевам да ги идентификувам надарените ученици | 28 | 25 | / | / | / |
| 2.3 | Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети | 20 | 29 | 1 | 2 | / |
| 2.4 | На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето | 28 | 23 | 2 | / | / |
| 3.1 | Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето | 10 | 26 | 8 | 2 | 6 |
| 3.2. | Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување | 16 | 33 | 1 | / | 3 |
| 3.3 | Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. | 26 | 23 | 4 | / | / |
| 3.4 | За време на моите часови има добра работна атмосфера | 28 | 24 | 1 | / | / |
| 3.5 | Добро соработувам со колегите во училиштето | 30 | 21 | 1 | / | 1 |
| 3.6 | Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 27 | 26 | / | / | / |
| 3.7 | Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство | 24 | 27 | 1 | / | 1 |
| 3.8 | Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес | 26 | 27 | / | / | / |
| 3.9 | Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата | 8 | 30 | 12 | / | 3 |
| 3.10 | На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето | 16 | 34 | 1 | 1 | 1 |
| 3.11 | Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман | 21 | 31 | / | / | / |
| 3.12 | Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности | 21 | 29 | / | 1 | 1 |
| 3.13 | Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во | 19 | 29 | 4 | / | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | активностите во училиштето | | | | | |
| 3.14 | Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес | 18 | 32 | 3 | / | / |
| 3.15 | Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата | 24 | 26 | 1 | 1 | 1 |
| 3.16 | Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога | 12 | 30 | 7 | / | 4 |
| 3.17 | Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите | 16 | 35 | 1 | / | 1 |
| 4.1 | Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | 17 | 34 | 2 | / | / |
| 4.2 | Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | 23 | 28 | 1 | / | 1 |
| 4.3 | Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонnаставните активности | 17 | 23 | 7 | 5 | 1 |
| 4.4 | Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 14 | 33 | 5 | 1 | / |
| 4.5 | Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 26 | 27 | / | / | / |
| 4.6 | За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 22 | 28 | 2 | / | 1 |
| 4.7 | Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | 16 | 31 | 6 | / | / |
| 4.8 | Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | 15 | 27 | 9 | / | 2 |
| 4.9 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 9 | 20 | 17 | 1 | 5 |

| | *Резултати од анкета со ученици* | Целосно се согласу-вам | Се согласу-вам | Не се согласу-вам | Воопшто не се согласу-вам | Не знам/ Немам инфор-мација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) | 61 | 49 | 4 | 2 | / |
| 1.2 | Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси. | 48 | 43 | 14 | 8 | 3 |
| 1.3 | На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 51 | 46 | 12 | 3 | 4 |
| 1.4 | Наставниците ја прават содржината од предметите интересна. | 46 | 59 | 7 | 3 | 1 |
| 1.5 | На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). | 48 | 42 | 23 | 2 | 1 |
| 1.6 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. | 59 | 37 | 13 | 2 | 5 |
| 1.7 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти | 50 | 55 | 6 | 2 | 3 |
| 1.8 | Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. | 62 | 46 | 8 | / | / |
| 1.9 | Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. | 64 | 46 | 5 | 1 | / |
| 1.10 | Оценувањето на сите ученици е праведно. | 48 | 38 | 19 | 8 | 3 |
| 1.11 | Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. | 55 | 55 | 3 | 2 | 1 |
| 1.12 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). | 86 | 30 | / | / | / |
| 1.13 | Наставниците ме пофалуваат за мојот труд | 65 | 43 | 2 | 2 | 4 |
| 1.14 | Наставниците ме пофалуваат за моите резултати | 67 | 37 | 5 | 3 | 4 |
| 1.15 | Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците | 76 | 35 | 2 | 3 | / |
| 1.16 | На часовите можам слободно да кажам што мислам | 52 | 42 | 16 | 6 | / |
| 1.17 | Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) | 34 | 49 | 18 | 6 | 9 |
| 1.18 | Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. | 37 | 47 | 20 | 3 | 9 |
| 1.19 | Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. | 32 | 48 | 22 | 2 | 12 |
| 1.20 | Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) | 25 | 44 | 26 | 8 | 13 |
| 2.1 | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. | 79 | 33 | 1 | / | 3 |
| 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. | 67 | 41 | 5 | 3 | / |
| 2.3 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | 38 | 44 | 23 | 5 | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 61 | 43 | 8 | 9 | / |
| 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. | 40 | 41 | 21 | 6 | 8 |
| 3.1 | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | 63 | 46 | 4 | 3 | / |
| 3.2 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. | 68 | 39 | 2 | 6 | 1 |
| 3.3 | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците | 69 | 40 | 3 | 2 | 2 |
| 3.4 | Сакам да одам на училиште | 58 | 32 | 16 | 8 | 2 |
| 3.5 | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми | 49 | 51 | 9 | 4 | 3 |
| 3.6 | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме | 51 | 43 | 12 | 6 | 4 |
| 3.7 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. | 69 | 42 | 2 | / | 3 |
| 3.8 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици | 65 | 34 | 12 | 4 | 1 |
| 3.9 | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици | 65 | 71 | 7 | 3 | 4 |
| 3.10 | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици | 70 | 38 | 5 | 1 | 2 |
| 3.11 | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. | 40 | 52 | 9 | 4 | 11 |
| 3.12 | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права | 56 | 48 | 4 | 2 | 6 |
| 3.13 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник | 68 | 42 | 4 | 1 | 1 |
| 3.14 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето | 61 | 44 | 3 | 1 | 7 |
| 3.15 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем | 57 | 48 | 6 | 3 | 2 |
| 3.16 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето | 64 | 43 | 4 | 2 | 3 |
| 3.17 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство | 56 | 47 | 5 | 4 | 4 |
| 3.18 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. | 37 | 33 | 22 | 4 | 20 |
| 3.19 | Училиштето е чисто и уредно | 45 | 45 | 24 | 2 | / |
| 4.1 | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 34 | 51 | 12 | 4 | 15 |
| 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време. | 79 | 33 | 4 | / | / |
| 4.3 | Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 42 | 40 | 17 | 9 | 8 |

| | Резултати од анкета со родители | *Целосно се согласу-вам* | *Се согласу вам* | *Не се согласу-вам* | *Целос но не се согла-сувам* | *Не знам/ Немам инфор-мација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 77 | 44 | 1 | / | / |
| 1.2 | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 70 | 46 | 4 | 2 | / |
| 1.3 | Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси | 51 | 52 | 12 | 6 | 1 |
| 1.4 | Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | 56 | 49 | 12 | 3 | 2 |
| 1.5 | Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | 59 | 53 | 7 | 1 | 2 |
| 1.6 | На моето дете повеќето часови му се интересни | 51 | 60 | 11 | / | / |
| 1.7 | Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици | 32 | 34 | 14 | 4 | 38 |
| 1.8 | Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете | 62 | 56 | 4 | / | / |
| 1.9 | Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | 55 | 58 | 6 | 2 | 1 |
| 1.10 | Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 44 | 49 | 14 | 3 | 12 |
| 1.11 | Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати | 58 | 58 | 1 | 5 | / |
| 1.12 | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | 56 | 60 | 1 | 4 | 1 |
| 1.13 | Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | 56 | 54 | 4 | 5 | 3 |
| 1.14 | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 75 | 38 | 6 | 3 | / |
| 1.15 | Ги користам  можностите  да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | 69 | 50 | 2 | 1 | / |
| 1.16 | Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | 48 | 41 | 11 | 7 | 6 |
| 1.17 | Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | 35 | 48 | 17 | 9 | 13 |
| 1.18 | Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес | 42 | 49 | 10 | 6 | 15 |
| 2.1 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 63 | 46 | 7 | 5 | 1 |
| 2.2 | Од училиштето добивам добри  совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 57 | 56 | 4 | 4 | 1 |
| 2.3 | Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | 76 | 45 | 1 | / | / |
| 2.4 | На моето дете во училиштето му е  овозможена  дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа | 54 | 53 | 4 | 5 | 6 |
| 3.1 | Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето | 66 | 52 | 1 | 1 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2 | Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување | 33 | 65 | 7 | 2 | 15 |
| 3.3 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците | 59 | 55 | 7 | / | 1 |
| 3.4 | Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците | 55 | 62 | 2 | 2 | 1 |
| 3.5 | Моето дете сака да оди на училиште | 64 | 56 | 2 | / | / |
| 3.6 | Училиштето добро се справува со дисциплината | 46 | 58 | 11 | 4 | 3 |
| 3.7 | Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето | 30 | 51 | 14 | 3 | 24 |
| 3.8 | Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици | 64 | 50 | 2 | 4 | 2 |
| 3.9 | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | 58 | 48 | 7 | 4 | 5 |
| 3.10 | Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго. | 62 | 55 | 4 | 1 | / |
| 3.11 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | 43 | 53 | 6 | 4 | 16 |
| 3.12 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | 39 | 59 | 6 | 3 | 15 |
| 3.13 | Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | 39 | 55 | 4 | 4 | 20 |
| 3.14 | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 39 | 52 | 4 | 3 | 24 |
| 3.15 | Училиштето добро се справува при појава на насилство | 38 | 55 | 3 | 3 | 23 |
| 3.16 | Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | 45 | 54 | / | 3 | 20 |
| 3.17 | Хигиената во училиштето е на високо ниво | 49 | 51 | 13 | 6 | 3 |
| 3.18 | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете | 57 | 57 | 6 | / | 2 |
| 3.19 | Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете | 46 | 55 | 8 | 9 | 4 |
| 3.20 | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | 49 | 54 | 11 | 1 | 7 |
| 4.1 | Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 39 | 51 | 11 | 5 | 16 |
| 4.2 | Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 40 | 49 | 13 | 3 | 17 |
| 4.3 | Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | 40 | 42 | 10 | 2 | 28 |
| 4.4 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 69 | 41 | 2 | 1 | 9 |
| 4.5 | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 52 | 53 | 8 | 4 | 5 |
| 4.6 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 15 | 26 | 12 | 15 | 60 |

ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**Прашање:**
Како ја оценувате Вашата улога како директор во процесот на управување и развој на училиштето?
**Одговор:**
Како директор, мојата улога ја гледам како стратешка и координирачка, со посебен акцент на создавање позитивна училишна клима, поддршка на наставниот кадар и континуирано унапредување на квалитетот на образовниот процес. Активно учествувам во планирањето, следењето и евалуацијата на сите активности во училиштето, во согласност со законската регулатива и националните образовни политики.
**Прашање:**
Како го следите и унапредувате квалитетот на наставата во училиштето?
**Одговор:**
Квалитетот на наставата се следи преку редовни посети на часови, анализа на наставната документација, разговори со наставниците и учениците, како и преку резултатите од внатрешното и надворешното оценување. Посебно внимание се посветува на примена на современи наставни методи, диференциран пристап и интеграција на ИКТ во наставата.
**Прашање:**
На кој начин училиштето го поддржува професионалниот развој на наставниците?
**Одговор:**
Училиштето континуирано го поддржува професионалниот развој на наставниците преку учество на обуки, семинари, вебинари и активи. Се поттикнува меѓусебна размена на добри практики, тимска работа и саморефлексија со цел унапредување на наставните компетенции.
**Прашање:**
Како се следат постигањата и напредокот на учениците?
**Одговор:**
Постигањата на учениците се следат преку континуирано формативно и сумативно оценување, анализа на успехот, како и преку учество на натпревари и други активности. Се преземаат соодветни мерки за поддршка на учениците со потешкотии во учењето, како и за поттикнување на надарените ученици.
**Прашање:**
Каква е училишната клима и кои мерки се преземаат за обезбедување безбедна средина?
**Одговор:**
Во училиштето се негува позитивна, инклузивна и безбедна училишна клима. Се применуваат протоколи за заштита на учениците, се работи на превенција од насилство и дискриминација, а соработката меѓу учениците, наставниците и родителите е на задоволително ниво.

**Прашање:**
На кој начин се поддржуваат учениците со различни образовни потреби?
**Одговор:**
Училиштето обезбедува поддршка преку индивидуални образовни планови, соработка со стручната служба, наставници и родители, како и преку инклузивни активности кои овозможуваат еднакви можности за сите ученици.
**Прашање:**
Како ги оценувате условите за работа во училиштето?
**Одговор:**
Материјално-техничките услови во училиштето овозможуваат реализирање на наставниот процес. Континуирано се работи на подобрување на инфраструктурата, наставните средства и дигиталната опременост, во согласност со финансиските можности и приоритетите.
**Прашање:**
Каква е соработката со родителите и локалната заедница?
**Одговор:**
Соработката со родителите и локалната заедница е активна и конструктивна. Родителите се вклучени преку родителски средби, совет на родители и заеднички активности, додека со локалната заедница се реализираат проекти и иницијативи од заемен интерес.
**Прашање**:
Кои се приоритетите за развој на училиштето во наредниот период?
**Одговор:**
Приоритети на училиштето се понатамошно унапредување на квалитетот на наставата, професионален развој на кадарот, подобрување на материјалните услови и зајакнување на партнерството со родителите и заедницата како и развој на инклузивна средина и зголемување на учеството на учениците во проекти и натпревари.

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Браќа Миладиновци"- Пробиштип период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" ______ година) Општинското основно училиште ООУ „Браќа Миладиновци"- Пробиштип изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 17.10.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена за периодот 2023-2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Наталија Николова, Даниела Г. Илиевска, Маја Миленковска, Сашка Димитриева, Јован Јаневски, Жаклина Јачевска , Ирена Младеновска |
| 2. Постигања на учениците | Андријана Митева, Јасна П. Ефремовска, Радмила Манаилова, Билјана Адраманова, Дејан Арсовски, Јовка Станојковска, Наташа Милисова, Владимир Лазаревски |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Билјана Панова, Маја М. Поцева, Јорданчо Јакимовски, Драгица Кузмановска, Драгица Терзиќ, Катерина Стојановска, Тања Ѓоргиева, Христина Ѓоргиева, Емил Спасовски. |
| 4. Управување и раководење | Емануела Јанковиќ, Валентина Китанова, Горан Арсов, Елена М. Николова, Јулијана М. Горгиевска , Благица Милисова, Бранка Бошкова, Далибор Зафировски, Сања Кузманова, Даниела Петрова. |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето. По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 2.2.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.
Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето<br>Сите наставници навремено изготвуваат Годишни планирања;<br>За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата најмалку двапати годишно, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација и поддршка за подобрување на истите.<br>Наставниците користат стручни искуства од организирани интерни обуки и дисеминации или како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат. За збогатување на наставата во работата со учениците се користат различни методи и техники на учење кои му овозможуваат на наставникот да добие правилна слика за напредувањето на учениците во учењето и развојот, се поттикнува критичкото мислење кај учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети.Училиштето е отворено за родителите и за сите оние кои се заинтересирани за неговото работење.Училишната средина ги стимулира и мотивира подеднакво учениците од двата пола преку воннаставни активности, промовирање и изложување на ученички трудови, резултати од натпревари.<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми и во соодност со интересите на учениците. Во училиштето преку анкетни листови учениците навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Изборот го прават сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците, бидејќи нуди избор на повеќе предмети.<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата. За учениците со ПОП се користат методи и техники избрани и прилагодени на нивните потреби.<br>- Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот.<br>-Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формираат со Решение/Одлука на директорот на училиштето Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и модифицирана програма по сите наставни предмети, нашето училиште работи и како Центар за поддршка .<br>-Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Атмосферата во училниците и на наставните часови е пријатна и поттикнувачка. Учениците, без разлика на својот социјален статус, етничка припадност или нивниот пол се мотивирани со различни методски техники активно да учествуваат во наставата и во процесот на стекнување на знаења, самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>- Трудовите на учениците од нивните секојдневни наставни и воннаставни активности се изложени во самите училници интерно или екстерно на ниво на училиште – на училишните |

паноа од различни области. При изложувањето на трудовите на учениците се води особена грижа да бидат застапени двата пола и различните способности за учење.
-Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците редовно и транспарентно ги известуваат родителите за напредокот и успехот на учениците.
- Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно се известуваат родителите за постигања. Усогласените критериуми по секој наставен предмет наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите.
-Во нашето училиште се планираат и реализираат воннаставни активности прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците,. Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко, но од страна на родителите постојано се бара училиштето да овозможи поголем број на воннаставни активности, а училиштето континуирано ги поттикнува учениците да учествуваат во давањето на предлози за реализирање на поголем број на воннаставни активности.
-За учениците кои имаат потешкотии во совладување на Наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава
- Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на бројни натпревари и конкурси од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) .

**Силни страни**

- Училиштето има разработен систем на поддршка и увид врз планирањата на наставниците што одлично функционира;
- стручните активи функционираат како заедници на учење и наставниците тука разменуваат искуства за планирањата и/или заедно планираат на ниво на активи и/или сродни предмети;
- задачите и активностите на часовите наставниците ги приспособуваа на индивидуалните образовни потреби на учениците;
- учениците редовно се пофалувани за вложениот труд и постигнатите резултати;
- училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата, училишниот простор е безбеден за изведување на настава;
- родителите редовно се запознаени со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности кои ги посетуваат децата;

учество на општински,регионални и државни натпревари и постигнување на голем број на награди.

**Слаби страни**

-Наставниците имаат потреба за следење на поголем број обуки за примена на современи методи и техники на планирање на настава;
- родителите имаат потреба за поголема информираност за критериумите на оценување на нивните деца;
- учениците мислат дека треба повеќе да бидат вклучени во изборот и планирање на воннаставните активности;
- училиштето да планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците;
-учениците мислат дека во училиштето треба да има повеќе активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште).

**Приоритети**

- Поголема вклученост на учениците во изборот и планирање на воннаставните активности.
- Планирање и реализирање на разновидни воннаставни активности во согласност со потребите и интересите на учениците.
- Вклученост на учениците во активности со ученици од други култури.

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следат преку анализи на постигнатиот успех по завршувањето на секој класификационен период. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br>Нашето училиште во учебната 2023/24 год. беше дел од тестирање за V одд. на TIMSS меѓународната студија по математика и природни науки која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети..<br>Истата учебна година 30 ученици од сите паралелки од петто одделение (избрани по случаен избор) беа дел од државното тестирање по мајчин јазик и математика и се изведува со цел да се обезбедат информации за тоа колку учениците го совладале наставниот материјал предвиден според Наставната програма, кои се областите во кои нашите ученици се соочуваат со потешкотии, како и други информации поврзани со позадинските фактори кои влијаат врз учењето, а ќе бидат добиени од прашалниците кои ги пополнуваат родителите.<br>Училиштето има формирано тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми.<br>Учениците со поттешкотии поддршката ја добиваат согласно индивидуалните потреби. Во соработка со одделенските и класните раководители се врши идентификација на потребите на ученикот, а по потреба се вклучуваат и други институции и стручни лица се со цел надминување на тешкотиите и зголемување на функционалноста на учениците .<br>Стручните соработници организираат индивидуални средби, разговори, работилници, техники за како да се олесни учењето, вештини за континуирано учење. Се вклучуваат со советување на учениците/родителите (согласно чл.76 од ЗОО), соработка и континуирана поддршка. Се врши советување на ученици и родители кои послабо напредуваат, имаат негативни оценки, несоодветно се однесуваат во училиштето или изостануваат од настава.<br>Исто така наставниците постојано работат на надминување на тешкотиите со индивидуален пристап во наставата, редовно одржување на часовите по дополнителна настава.<br>Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка од наставниците со вклучување во воннаставни активности, членување во слободните ученички активности(секции според афинитетите), учество во проекти и истражувања на конкретна тема, учество на натпревари и конкурси организирани во училиштето, општината, МОН.<br>Училишниот психолог работи индивидуално со овие ученици, особено со зајакнување на нивните лични и социјални капацитети.<br>Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката.<br>Согласно Законот за основно образование, нашето училиште од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип.<br>Во нашето училиште има дефектолог кој работи со ученици со посебни потреби со категоризација инклузирани во редовна настава или без категоризација кои имаат посериозни потешкотии во усвојувањето на наставните програми, но не работат по ИОП, но родителите се согласни училишниот дефектолог да работи со нив. Училиштето води евиденција за овие ученици.<br>Училиштето врз основа на Законот за основно образование формираше училишен инклузивен тим со мандат од три учебни години.<br>Исто така, училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик посебно инклузиран во редовна настава. Овие тимови се со времетраење до завршување на школувањето на ученикот.<br>Согласно Законот за основно образование во соработка со Ресурсниот центар „Маца |

| |
|---|
| Овчарова“ од Велес за ученици инклузирани во редовна настава, се ангажирани образовни асистенти согласно препораките од Комисијата за проценка на функционирање според МКФ.<br>Секој наставник има истакнато приемни денови така што родителите можат еднаш неделно да стапат во директен контакт со секој наставник поединечно и да добијат детален извештај за успехот на нивните деца по секој предмет поединчено, но поголемиот број на родители не ја користат можноста да добијат таква информација.<br>Редовно се одржуваат родителски средби на кои родителите се известени за успехот, постигањата и поведението на учениците. |
| **Силни страни**<br>• Согласно Законот за основно образование, нашето училиште од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип.<br>• Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>• Постигнувањата на учениците се следат континуирано и за секој класификационен период се прават анализи на успехот по предмети, паралелки, учебни години и класификациони периоди. |
| **Слаби страни**<br>• Поголем број родители не ја користат можноста да разговараат индивидуално со секој наставник за постигањата на своето дете.<br>• Недоволен број на часови од дополнителна и додатна настава со учениците каде има потреба од страна на сите наставници.<br>• Недовлна вкученост на родителите во животот на училиштето. |
| **Приоритети**<br>• Редовно планирање и реализирање на дополнителната и додатната настава од страна на сите наставници.<br>• Зајакнување на партнерството со родителите и заедницата. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Угледот на училиштето се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности, меѓусебните односи на сите чинители вклучени во воспитнообразовниот процес. Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа,постигања на учениците, дисциплината и континуираната насоченост кон остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат угледот на училиштето во што несомнено и успеваат. Наставниот кадар ужива почитување кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.<br>Промовирање на постигнувањата за сите ученици како и афирмирање на воннаставните активности се прават преку facebook страната на училиштето, web страната и локалните медиуми.<br>Во училиштето е воспоставен систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.<br>Во училиштето се почитуваат сите ученици независно од нивните способности и образовни потреби и се јакне соработката со родителите и заедницата. Сите заедно (наставниците, учениците и родителите) допринесуваат училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него.<br>Во училиштето постојат повеќе Кодекси на однесување и правилници. Со нив се поставени |

принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, стручната служба, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Доколку правилата на однесување донесени со кодексот се прекршат на било кој начин, во училиштето постојат правилници по кои се реагира за направените прекршоци.

Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол, етничка припадност, социо - економски и емоционален развој.

Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, одморите, приемот на учениците и нивното испраќање.

Училиштето има демократски избран Ученички парламент која учествува во решавањето проблеми и донесување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Претставници од ученичкиот парламент се присутни на наставничките совети на совет на родители и на состаноците на Училишниот одбор.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците.

Соработката на училиштето со семејството се реализира преку различни форми и активности како што се:

- индивидуални контакти ( посета на родителот во училиштето, телефонски разговори);
- родителски состаноци ( на ниво на училиште, одделение, паралелка, група за одредени прашања) ;
- вклучување на родителите во сите структурни подрачја, односно во зависност од нивната професија и афинитет даваат придонес со свои мислења и сугестии во следењето и унапредувањето на образовната и воспитната дејност на училиштето.

Преку работата на Советот на родители се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето, со извештајот од реализираните задачи и постигнатите резултати, со условите за работа, мисијата, визијата и за натамошниот развој на училиштето.

Родителите со специфични професии се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема или преку посета на нивните работни места.

Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето ја збогатува својата воспитно –образовна дејност и преку соработката со културните установи и институции и тоа: Домот на културата на општина Пробиштип кој располага со градска библиотека и со локалната самоуправа преку посети, организирање академии, предавање на разни теми за едукација на учениците и наставниците и сл.

Соработката со локалното население се реализира преку организирање на разновидни општествени културни и образовни активности како што се прослави на празници и јубилеи, изложби, вклучување во проекти за унапредување на знаењето кај учениците.

Преку соработката со локалните стопански организации кај учениците се развива позитивен однос кон трудот, самостојност, креативност и воведување во начинот на работењето и производството.

Училиштето соработува со останатите училишта од општината преку организирање на спортски активности, литературни читања, натпревари и други манифестации. Во соработка со Црвен Крст Пробиштип се реализираат предавања за заштита од пороци, заразно-преносливи болести, ХИВ/Сида, Волонтеризам и сл., изготвен е План за евакуација, реализирана е показна вежба за евакуација, наши ученици учествуваат на литературни и ликовни конкурси по разни поводи, а исто така се реализираат собирни акции за донации на храна и облека.

Во училиштето се преземаат мерки за санкционирање на насилство. Стручната служба работи на зачувување на менталното здравје кај учениците, како преземање мерки за спречување на сајбер насилството меѓу младите(преку предавања со презентации како и прашалник за ученици).

Училиштето има протокол за насилство издаден врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, во кој се дефинирани сите облици на насилство (психичко, физичко, семејно

насилство, булинг).
Училиштето има стратегија за едуцирање на учениците за опасностите и штетноста од пушењето, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. За таа цел во училиштето во соработка со служби од надлежните институции, се организираат и одржуваат работилници и трибини на кои се потенцира штетноста на овие средства.
Во училиштето се води грижа и се промовира здравата исхрана.

Училишната средина во голема мера влијае врз правилен психофизички развој на детскиот организам. Основна цел на училишната хигиена е да го сведе на минимум негативното влијание на училишната средина врз физичкото и психичкото здравје на учениците.
Во училиштето се реализираат предавања и работилници на актуелни теми за заштита од заразни болести. Редовно се организираат систематски прегледи за вработените и учениците. Исто така, во соработка и според планот на Јавната здравствена установа „Нада Михајлова“ - Пробиштип ќе се спроведе систематски преглед и залевање на забите на учениците.
Вакцинација и ревакцинација се врши Според планот на Јавната задравствена установа „Нада Михајлова“-Пробиштип. Опфатени се учениците според календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето е одделенскиот раководител.
Просторот во училиштето е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност за повредување на учениците. Сите потенцијално опасни места (електрични приклучоци, лизгави површини, струјни места, канализациски одводи и др.), се соодветно обележани и во ЦОУ и во подрачните училишта. Редовно се сервисираат и проверуваат ПП-апаратите во училиштето На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал, а за заштита на учениците и вработените во училиштето има поставено камери за видео-надзор. Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно. За таа цел училиштето има изработено план за безбедност на учениците.
Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства и кога се укажува можност обезбедува материјални средства или друг вид помош со надворешна финансиска поддршка (општина, хуманитарни организации, приватни фирми...) исто така и училиштето спроведува интерни хуманитарни акции во соработка со локалната средина за обезбедување на средства кои ќе се користат во хуманитарни цели.
Развиен е ефективен систем за детектирање на ученици со здравствени проблеми преку соработка со родители па училиштето има податоци за учениците кои имаат одредено заболување.
Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.
. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за следење на наставата онлајн или преку достава на материјали, проверка на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи.
Училиштето има изработено програма за професионална ориентација научениците.

**Силни страни**

- Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- Училиштето има безбедна инфраструктура и не претставува потенцијална опасност за повреда на учениците;
- Добра информираност на учениците за професионалната ориентација;
- Училиштето има протокол за насилство издаден врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Учениците се безбедни во училиштето и знаат како да постапат доколку се почуствуваат небезбедно, се сведоци на насилство или се жртва на насилство;
- Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот;

| |
|---|
| • Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол и верска припадност, социо-економски и емоционален развој;<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. |
| **Слаби страни**<br>• Хигиената во училиштето не е на многу виско ниво;<br>• Вклучување на сите чинители во креирањето и донесувањето на кодексите на однесување и правилниците;<br>• Потреба од организирање на поголен број на работилници за превенција од појавата на пушење, дрога, алкохоли друго девијантно однесување;<br>• Недоволно вклучување од страна на родителите во активностите, животот и работата на училиштето;<br>• Реализирање на работилници заеднички за родителите и учениците за запознавање со правата и обврските на децата;<br>• Недоволна компетентност на наставниците да реагираат на емоционални, здравствени, социјални потреби или проблеми кај ученици. |
| **Приоритети**<br>• Зголемување на нивото на хигиената во училиштето.<br>• Организирање и реализирање на поголен број на работилници за превенција од појавата на кражби, пушење, дрога, алкохоли друго девијатно однесување.<br>• Зголемување на компетентоста на наставниците преку посета на обуки да реагираат на емоционални, здравствени, социјални потреби или проблеми кај учениците. |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето<br>Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има седум члена. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките. Има Деловник за работа и соработува со директорот. Според прашалникот за наставници и родители треба да бидат поинформирани наставниците за донесените одлуки. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.<br>Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето како и материјално-финансиското работење на училиштето.<br>Директорот исто така се грижи за перманентното стручно усовршување на наставничкиот и стручниот кадар, врши аналитичко студиска работа, соработува со учениците и нивните организации, превзема мерки за подобрување на условите за работа во училиштето.<br>Раководниот тим има толерантен однос со сите субјекти во училиштето. Консултациите се одвиваат по пат на разговор, со почитување на личноста на соговорникот. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонnаставните активности.Училишната библиотека располага со лектирен фонд којшто ги покрива училишните потреби на учениците. Училиштето постојано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и во согласност со потребите наменски инвестира во истата.<br>Тековно во училиштето се реализираат повеќе активности со цел подобрување на материјално – техничките услови за работа. |

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спроведената анкета со членовите на Училишен одбор, може да се забележи дека управувањето и раководењето со ресурсите е на многу добро ниво.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.
Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма.
Развојното планирање содржи јасно дефинирање на приоритетите, целите и задачите, кои директно влијаат на креирањето на училишната политика, а кои се одраз на мисијата и визијата на училиштето. Во поставувањето на развојните цели, вклучени се сите чинители од воспитно-образовниот процес.
Училиштето континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците.
Училиштето врз основа на Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Изработува училишна програма за професионален развој на наставниците.
Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите ,како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спроведената анкета со членовите на Училишен одбор, може да се забележи дека раководењето со кадарот е на многу добро ниво.
Наставниот процес во нашето училиште континуирано се следи од страна на директорот, стручната служба, а исто така и од БРО и ДПИ. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку: посета на часови од страна на директорот и стручната служба (педагог и психолог), посета на редовните и отворените часови, следење на наставните и вонанаставните активности, увид врз водењето на педагошка евиденција и документација, учество на наставниците во работата на стручните органи, постигнатите успеси на натпревари, редовното и перманентно усовршување на интерни и екстерни обуки и семинари, како и организирањето и учеството на работилници и стручни активи.
На крајот од секој класификационен период ППС врши редовен увид врз електронски дневници од наставниците, бележи и реализира консултативни разговори со наставниците, со цел отклонување на недостатоците при водење на педагошката евиденција и насоки за квалитетно водење на истата.
Учениците преку Ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на учениците . Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и на учениците при креирањето на политиките на училиштето.
Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети. На тој начин се врши контрола над нивното трошење За училишниот буџет и за трошоците, информации има директорот на училиштето и лицето кое раководи со финансиското работење. Секој од вработените може да се информира доколку изрази желба, а на крајот од годината преку изготвените завршни сметки се известуваат и членовите на Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат и од страна на основачот на состанок на Советот на општина Пробиштип.
Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Сепак буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

**Силни страни**

- Во училиштето се воспоставени партнерски односи, тимска работа, организираност, грижа за учениците и вработените;.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки;
- Училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на

| |
|---|
| наставните и вonнаставните активности;<br>• Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби;<br>• За следените наставни часови наставниците добиваат конструктивна повратна информација;<br>Училиштето поттикнува стручно усовршување на наставниот кадар. |
| **Слаби страни**<br>• Наставниците не добиваат доволно повратни информации од одржаните состаноците на училишните тела (Училишен одбор, Совет на родители);<br>• Несподелување на доволно повратни информации од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во училиштето и динамиката за нивно реализирање;<br>Просторните услови во библиотеката не дозволуваат да се користи како место за читање и учење; |
| **Приоритети**<br>• Воспоставување на поголема транспарентност за споделување на повратни информации и заклучоците до наставниците од одржаните состаноците на училишните тела (Училишен одбор, Совет на родители);<br>• Активна и редовна координација меѓу претставникот на Советот на родители со останатите родители од паралеките;<br>• Обезбедување на просторни услови за уредување на библиотеката. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

При анализа на самоевалуацијата на работата на ООУ „Браќа Миладиновци “- Пробиштип за периодот 2023-2025 година, од страна на комисијата констатирани се многу силни страни, но и одредени слаби страни од кои произлегуваат приоритетите за работа во наредниот период. Како предлог мерки за подобрување на квалитетот на работа на училиштето се предлагаат:

- Учениците да бидат вклучени во изборот и планирање на воннаставните активности;
- Училиштето да планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците;
- Организирање на активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) ;
- Зголемување на нивото на хигиената во училиштето;
- Организирање и реализирање на поголен број на работилници за превенција од појавата на кражби, пушење, дрога, алкохоли друго девијантно однесување;
- Зголемување на компетентоста на наставниците преку посета на обуки да реагираат на емоционални, здравствени, социјални потреби или проблеми кај учениците ;
- Изнаоѓање начин за поголемо вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.
- Воспоставување на поголема транспарентност за споделување на повратни информации и заклучоците до наставниците од одржаните состаноците на училишните тела (училишен одбор, совет на родители);
- Активна и редовна координација меѓу претставникот на Советот на родители со останатите родители од паралеките;

Комисија за спроведување на СЕУ:
Наталија Николова
Емануела Јанковиќ
Билјана Панова
Маја М.Поцева
Елизабета Арионовска